ЦЕНТРИ ЗА ИЗВОНРЕДНОСТ ВО НАТО | УКРАИНСКИОТ КОНФЛИКТ | „LOCKHEED SR-71 BLACKBIRD“ | „KAPLAN MT“

# ШТИТ

Број 148
Февруари 2022
ISSN 1857-6710

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



„Одбраната ќе продолжи да се развива со брзо темпо“

## Славјанка Петровска, министерка за одбрана на Република Северна Македонија







# Славјанка Петровска ја пре министерка за одбрана од Ра

На 17 јануари 2022 година, со церемонија во Министерството за одбрана, Славјанка Петровска ја преземе функцијата министерка за одбрана на Република Северна Македонија од досегашната министерка, Радмила Шекеринска. Петровска во својот прв говор како министерка за одбрана истакна дека ја презема оваа функција во многу поинакви општествено-политички околности отколку оние што беа во 2017 година и дека денес, нашата татковина е земја членка на НАТО за што требаше многу труд, посветеност и политичка пожртвуваност за сето ова да стане реалност. Министерката им се заблагодари на досегашната министерка Шекеринска за нејзиниот влог и придонес кон исполнувањето на оваа стратешка определба, на НГШ, генерал-потполковник Ѓурчиновск и и на припадниците на Армијата, честитајќи им за досегашната посветеност во тој процес. „Заедно ќе продолжиме понатаму по тој пат“, рече министерката Петровска и порача дека ќе биде силен двигател на развојот во одбраната и на процесите кои се веќе започнати, а кои ќе се реализираат со уште поинтензивна динамика. „Еден од најважните приоритети во текот на мојот мандат ќе биде одржувањето на стабилното финансирање на одбраната и достигнување на 2% од БДП за одбранбениот буџет до 2024 година. Ќе продолжат да се имплементираат проектите за опремување и модернизација на Армијата, ќе продолжам да водам сметка за подобрување на условите за работа и животниот стандард на воениот и цивилниот персонал во Армијата. Ќе продолжи и подобрувањето и обновата на инфраструктурата на воените





# езема функцијата
# адмила Шекеринска

објекти, како и реновирањето на објекти со имплементација на обновливи извори на енергија и секако, ќе продолжи инвестирањето во развојот на Армискиот полигон „Криволак“ кој е вреден домашен и НАТО ресурс“, рече Петровска.
Министерката порача дека ќе се одржи и високото ниво на транспарентност и интегритет во работењето, ќе се води сметка за правичната застапеност и имплементацијата на правилни родови политики во одбраната и Армијата.
За соработката со сојузниците со кои и споделуваме исти вредности, министерката Петровска порача дека ќе ја развиваме интероперабилноста и ќе продолжиме со учеството во меѓународните мировни операции и мисии.
Досегашната министерка за одбрана Шекеринска истакна дека изминатите 4 и пол години одбраната беше дел од нешто што е поголемо од нас самите и дека беше испишана историја која е вредна за паметење. Досегашната министерка им се заблагодари на вработените во одбраната и на припадниците на Армијата зашто, како што рече, нивната искреност, чесност и професионалност беше инспирација и мотив за уште поинтензивна работа.







# содржина

ШТИТ година XIV број 148 февруари 2022


Инфо 5

НАТО активности
**Центри за извонредност во НАТО** 6

На прва линија
**Импликациите на КОВИД-19 врз економијата на државите** 8

Мировни мисии
**Под знамето на ОН Неуспешни мировни мисии** 11

На прва линија
**Новото нормално Здравствената безбедност може да стане основна задача на вооружените сили** 14

Воена едукација
**Конструктивизмот на Џон Кенеди** 26

Вооружување
**„JAS-39 E Gripen“** 32

Вооружување
**„Kaplan MT“ – современ тенк со средна тежина** 36

Вооружување
**„Heinkel He-219“ – ефективен ноќен ловец** 38

Воени музеи
**Австралиски музеј на оклопот и артилеријата** 46

Низ воената историја
**Средновековна артилерија – „требуше“** 48

Уметниците и војната
**Создавајќи ја американската иконографија** 54

Филм
**„Заборавената битка“** 56

**На чист воздух и уживање на Пониква** 58

# Жени-лидери

Во Законот за еднакви можности за мажите и за жените законски е регулирано дека не постои поделба на машки и на женски професии и дека секоја професија е подеднакво достапна и за мажите и за жените. Сепак, со години наназад се соочувавме со предрасуди и стереотипи во однос на професиите кои традиционално се подведуваа во машка сфера на професии и дејности, посебно во секторот одбрана, и требаше многу да се работи на полето на родовата еднаквост и родовите перспективи за да достигне нивото кое денес го имаме на овој план во рамките на Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија. А, дека жените во сферата на одбраната можат да дадат исклучителен придонес, најеклатантен пример беше министерката за одбрана Радмила Шекеринска, која за време на својот мандат како министерка за одбрана направи исклучително многу во однос на подобрувањето на состојбите во одбраната и во Армијата, а најзначајно, меѓу другите работи, секако, е членството во НАТО и исклучително брзата целосна воена интеграција во Алијансата. За својата посветеност и успех во работата, министерката Шекеринска се здоби со многубројни признанија и одликувања од меѓународните фактори. Кон крајот на својот мандат министерката Радмила Шекеринска имаше чест и привилегија да биде и првиот македонски министер на кој му беше врачено знамето на САД како симбол и признание за одличната соработка и зајакнатото партнерство и сојузништво помеѓу двете држави. Чинот на доделување на американскот знаме во американската дипломатија претставува највисок израз на почит кон работата и делото на некој странски политичар. Министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, доби признание и од Асоцијацијата на одбранбени аташеи акредитирани во Северна Македонија. Притоа, претседателот на Асоцијацијата, американското одбранбено аташе, полковникот Питер Роуел, го истакна лидерството на министерката Радмила Шекеринска во процесот на зачленување на Република Северна Македонија во НАТО и нејзината визија за развој на одбраната и на Армијата според стандардите на Алијансата.

На 17 јануари 2022 година, со церемонија во Министерството за одбрана, по втор пат на чело на Министерстото за одбрана застана жена со лидерски способности, Славјанка Петровска. Иако Славјанка Петровска е релативно млада, таа има солидно искуство како жена со лидерски способности во политиката, посебно во секторот на безбедност и евроинтеграции. Петровска во својот прв говор како министерка за одбрана порача дека ќе биде силен двигател на развојот во одбраната и на процесите кои се веќе започнати, а кои ќе се реализираат со уште поинтензивна динамика. Како најважни приоритети во својот мандат таа го истакна одржувањето на стабилното финансирање на одбраната и достигнување на 2 % од БДП за одбранбениот буџет до 2024 година и дека ќе се продолжи со опремувањето и модернизација на Армијата и со подобрување на условите за работа и на животниот стандард на воениот и на цивилниот персонал во Армијата. Таа вети дека ќе се одржи високото ниво на транспарентност и интегритет во работењето, како и соработката со сојузниците и учеството во меѓународните мировни операции и мисии. Министерката Петровска истакна дека ќе се заложи за уште подоследна правична застапеност и имплементација на родовите политики во одбраната и во Армијата.

Ние ѝ честитаме на Славјанка Петровска за добивање на функцијата и се надеваме на уште поголеми признанија и успеси за нашата татковина и за Армијата за време на нејзиниот мандат како министерка за одбрана на Република Северна Македонија.

д-р Жанет Ристоска

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
м-р Иван Атанасоски, полковник

Заменик-претседател на Издавачкиот совет
д-р Тони Петрески

Членови на Издавачкиот совет:
Лидија Јанчова Христова
Соња Крамарска
Афрдита Волина
Тони Јаневски, потполковник
Лилјана Петреска, потполковник
Виолета Костадинова, потполковник
Билјана Иванова
д-р Жанет Ристоска

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:
Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник)
Ксенија Митева
(лектор)
Кристина Илиевска
(новинар)




ШТИТ
е магазин на Министерството за одбрана на Република Северна Македонија

Излегува од печат еднаш во месецот и на web-страницата на Министерството за одбрана https://mod.gov.mk/штит

„Орце Николов" 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
www.mod.gov.mk;

Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.



# Заседание на Воениот комитет (ВК) на НАТО

Воениот комитет на началници на генералштабови на НАТО одржува два редовни состаноци во текот на годината, а еднаш годишно се среќаваат во една од сојузничките земји членки. Началникот на Генералштабот, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, учествуваше на првото редовно Заседание на Воениот комитет (ВК) на НАТО во 2022 година, кое се одржа преку видеоконференциска врска поради пандемијата на Ковид-19. На дводневниот состанок, кој го раководеше претседавачот, адмирал Роб Бауер, началниците на генералштабови на армиите на земјите членки на НАТО дискутираа за стратегиски прашања кои се од значење за Алијансата. Фокус на сесиите на првиот ден беше значењето и насоките за имплементација на стратегиските воени концепти на НАТО, меѓу кои и концептот за одвраќање и одбрана. На дводневното заседание, покрај началниците на генералштабовите, учествуваа и врховните команданти на сојузничките сили во Европа и командантите на сојузничките сили за трансформација, генералите Тод Вотерс и Филип Лавињ. Армијата на Република Северна Македонија, по целосната воена интеграција во НАТО, со ненамален интензитет продолжува со спроведување на сите планирани активности во процесот на остварувањето на дадените цели за способности.



# Во спомен на загинатите припадници на Воздухопловниот ВИНГ

Со положување свежо цвеќе на спомен-обележјата кај Катлановско Блаце и пред Командата на воздухопловниот ВИНГ, се одбележа 14-годишнината од хеликоптерската несреќа во која трагично загинаа единаесет припадници од составот на воздухопловниот Винг. На спомен-обележјето во Катлановско Блаце, свежо цвеќе положија делегации од Министерство за одбрана и Генералштабот на Армијата, составени од министерката за одбрана, Радмила Шекеринска и заменикот на началникот на Генералштабот, генерал-мајор Азим Нуредин, Кабинетот на претседателот, од општината Петровец, Командата за операции, Воздухопловниот ВИНГ, Првата пешадиска бригада и членовите на семејствата на загинатите припадници. Припадниците на воздухопловниот ВИНГ ја одбележаа 14-годишнината од хеликоптерската несреќа со положување свежо цвеќе на спомен-обележјето пред командата во касарната „Страшо Пинџур“ во Петровец. Почит на загинатите им беше оддадена и во кампот Бутмир, Сараево, каде нашите мировници беа дел од мисијата АЛТЕА. Во хеликоптерската несреќа на 12 јануари 2008 година, враќајќи се од мировната мисија АЛТЕА, трагично ги загубија животите потполковник Тони Спасовски, мајор Горан Ристовски, капетаните Бране Спасовски и Игор Ѓорески, наредниците Славчо Василев и Тони Давитковски, постарите водници Јанко Шириќ и Александар Тасковски, водниците Мики Ивановски и Александар Васиќ и десетарот Златко Вељаноски.



# Одбележан патронатот на касарните „Страшо Пинџур“ и „Мирче Ацев“

Во касарните „Страшо Пинџур“ во Петровец и „Мирче Ацев“ во Прилеп, со положување на свежо цвеќе беа одбележани патронатите и 79-годишнината од погубувањето на народните херои Страшо Пинџур и Мирче Ацев. Во касарната во Петровец свежо цвеќе положија делегации од Командата за операции, командата на 1. пешадиска бригада, командата на Воздухопловниот ВИНГ и претставници од општина Кавадарци и Музејот на Кавадарци, а во касарната во Прилеп, свежо цвеќе положија делегации од Командата за операции, 1.пешадиска бригада, Артилерискиот баталјон, општина Прилеп, Сојузот на борците од Прилеп и од СОУ ,,Мирче Ацев“ од Прилеп. Пред присутните во касарната во Петровец за животот и делото на народниот херој Страшо Пинџур говореше претставничката на музејот од Кавадарци, додека, пак, на одбележувањето на патронатот на касарната во Прилеп, за животот и делото на народниот херој Мирче Ацев, свое обраќање имаше командантот на Артилерискиот баталјон, потполковник Славчо Кузманоски, кој истакна дека одбележувањето на патронатот ги зацврстува традициите со богатата македонска историја и дека припадниците на Армијата се должни да ги почитуваат делата и дадените животи на сите борци за слободна и независна држава.





# Центри за извонредност во НАТО

Примарна цел на Центрите за извонредност е да помогнат во трансформацијата во рамките на Алијансата, притоа избегнувајќи дуплирање на средства, ресурси и способности кои се веќе присутни во командната структура на НАТО. Центрите на извонредност не смеат да се натпреваруваат со сегашните капацитети на НАТО, туку наместо тоа да понудат област на експертиза која веќе не е пронајдена во организацијата. Тие генерално се специјализирани во една функционална област и дејствуваат како експерти за предмети во нивната област на експертиза. Го дистрибуираат своето длабинско знаење преку обуки, конференции, семинари и трудови. Освен што им даваат можност на лидерите, на единиците на НАТО и на земјите партнери да го зголемат своето образование и обука, Центрите за извонредност ѝ помагаат на Алијансата да ја прошири интероперабилноста, да ги зголеми капацитетите, да помогне во развојот на доктрините и стандардите, да спроведе анализи, да ги оценува научените лекции, да ги тестира и да ги потврди концептите.

## Центар за команда и контрола

На 14 јуни 2007 година, Командата за трансформација на НАТО со Кралството Холандија како земја домаќин и нација спонзор, заедно со пет земји спонзори (Белгија, Германија, Норвешка, Словачка и Шпанија), потпишаа Меморандум за разбирање со кој формално бил воспоставен Центарот за команда и контрола (Command and Control Center - C2COE). Центарот е лоциран во Утрехт, Холандија, и се фокусира на аспектите од командувањето и контролата со фокус на оперативната околина. Од септември 2019 година на овој центар му е доделена улогата на Оддел за планирање на операциите, процена на операциите и алтернативни анализи.
Во тек се подготовки за одржување прва конференција по повод поврзаната активност.
Центарот за команда и контрола ќе го поддржува НАТО и нациите, како и меѓународните институции и организации со применливо знаење за командувањето и контролата на оперативно и повисоко тактичко ниво. Се дава обука и знаење на назначените команданти при реализација на должностите во однос на персонал, опрема, комуникации, капацитети и процедури во насока на исполнувањето на мисијата. Во суштина, Центарот нуди важен придонес во мисиите на НАТО, реализира организирање на серија работилници, семинари и конференции, како и можности за градење, зајакнување и пренесување на нашето знаење и искуство во НАТО и спонзорирачките нации.
Акредитацијата на овој центар од страна на Сојузничката команда за трансформација на НАТО е добиена на 4 април 2008 година. Постапката за воспоставување на Центар за инзвонредност е регулирана и истата се почитува во целост. Сојузничката команда за трансформација е задолжена за формирање, акредитација, подготовка на кандидати за одобрување како центри со периодични процени на центрите. Командата обезбедува информации за областа на специјализација, локација на потенцијалниот Центар за извонредност и на кој начин ќе ја поддржи трансформацијата на НАТО.
Центарот за извонредност и која



било земја на НАТО што сака да учествува во неговите активности ќе преговараат за два меморандуми за разбирање: Функционален меморандум за разбирање, кој го регулира односот помеѓу Центрите за извонредност и Алијансата и Оперативен меморандум за разбирање, кој ги регулира односите помеѓу земјите-учеснички и Центарот за извонредност. Откако земјите-учеснички ќе се согласат и ќе го потпишат Меморандумот за разбирање, Центарот за извонредност бара акредитација од Сојузничката команда за трансформација. Алијансата не финансира Центри на извонредност. Наместо тоа, тие добиваат национална или мултинационална поддршка, при што „рамковните нации“, „нациите спонзори“, односно „нациите кои придонесуваат“, ги финансираат оперативните трошоци на институциите.

Рамковната нација или нациите поднесуваат предлог за Центар за извонредност кој потоа го разгледува Сојузничката команда за трансформација. Следно, тие се координираат со Командата за дополнително да го објаснат предлогот пред да ја испратат официјалната понуда за формирање Центар за извонредност до врховниот сојузнички командант за трансформација. Доколку предлогот исполнува одредени критериуми, Сојузничката команда за трансформација формално ја поздравува понудата. Рамковната нација или нациите дополнително го развиваат концептот, изготвуваат Оперативен меморандум за разбирање и ја презентираат понудата на Центарот за извонредност на други земји. Оние кои се заинтересирани да се приклучат на Центарот за извонредност, потоа се вклучуваат во преговори за Меморандумот за разбирање, пред да се согласат со условите на Меморандумот. Центарот за извонредност потоа влегува во фаза на акредитација.



Тим од Сојузничката команда за трансформација го посетува Центарот за извонредност и го оценува според приспособената листа и врз основа на критериумите за акредитација на Воениот комитет за Центрите на извонредност. На крајот, Воениот комитет и Северноатлантскиот совет мора да ја одобрат првичната акредитација на Центарот за извонредност, а Сојузничката команда за трансформација периодично ги преоценува центрите на извонредност, со цел да се осигура дека тие продолжуваат да ги исполнуваат критериумите.

## Центар за управување со кризи и реакција при елементарни непогоди

Центарот за управување со кризи и реакција при елементарни непогоди (Crisis Management and Disaster Response Center) е релативно нов центар, основан во 2013 година, и истиот добил официјална акредитација во 2015 година како 21. НАТО Центар за извонредност. Центарот има седиште во Софија, Бугарија, и преку него се подобрува капацитетот за справување со различни видови кризи, како на пример со климатските промени и заштитата на цивилите.  Моментално Центарот има една рамковна нација – Република Бугарија и три нации спонзори  –  Грција, Полска и Романија.

Драган Павловски





# Импликациите на КОВИД-19 врз економијата на државите

Ковид-мерките вклучуваа и времено затворање на индустриските, производствените, услужните и другите неесенцијални капацитети, а граѓаните беа ставени во повеќенеделен карантин. Долгорочно ваквите мерки реално не се одржливи, затоа што последиците по економијата би биле погубни. Од друга страна, трката за дополнителни финансиски средства беше повеќе од актуелна. Политичарите беа приморани да обезбедат повеќе средства во борбата со пандемијата од централните буџети на сметка на другите државно финансирани проекти. Дел од средствата беа обезбедени и од светските инвестициски фондови, без оглед на висината на каматите. Вообичаено, во вакви ситуации, први на удар се трошоците за одбрана и други трошоци од категоријата на несуштински расходи. Дополнително, во контекст на политиката за справување со вонредна економска контракција се наметна потреба од штедење. Голем број на државно финансирани проекти беа одложени, а средствата пренасочени кон поддршка на здравствениот сектор. Исто така, дел од средствата беа насочени кон стимулирање на општата потрошувачката преку државна поддршка на компаниите и на ранливите категории на граѓани. Падот на економиите, како резултат на КОВИД-19, на глобално ниво во 2020 година изнесуваше 4,2% (The World Bank, 2021), а во Европа беше 5,2% (IMF, 2021).

Најголем пад на економијата е забележан кај високоразвиените економии, а особено кај економиите зависни од туризмот, а пример за ова е економијата на Шпанија каде е забележан пад на БДП од дури 11%. Помалку развиените економии од Југоисточна Европа кои не се членки на ЕУ забележаа просечен пад од 3,5% (IMF, 2021).

**Table 1. Real GDP Growth**
(Year-over-year percent change; aggregation based on GDP in purchasing power parity terms)

| | | April 2021 WEO | | | October 2020 WEO | | | Difference | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2020 | 2021 | 2022 | 2020 | 2021 | 2022 |
| Europe | 1.7 | -5.2 | 4.5 | 3.9 | -7.0 | 4.7 | 3.2 | 1.8 | -0.2 | 0.7 |
| Advanced European Economies | 1.4 | -6.7 | 4.5 | 4.0 | -8.1 | 5.2 | 3.2 | 1.4 | -0.7 | 0.8 |
| Euro Area | 1.3 | -6.6 | 4.4 | 3.8 | -8.3 | 5.2 | 3.1 | 1.7 | -0.8 | 0.7 |
| France | 1.5 | -8.2 | 5.8 | 4.2 | -9.8 | 6.0 | 2.9 | 1.6 | -0.2 | 1.3 |
| Germany | 0.6 | -4.9 | 3.6 | 3.4 | -6.0 | 4.2 | 3.1 | 1.1 | -0.6 | 0.3 |
| Italy | 0.3 | -8.9 | 4.2 | 3.6 | -10.6 | 5.2 | 2.6 | 1.7 | -1.0 | 1.0 |
| Spain | 2.0 | -11.0 | 6.4 | 4.7 | -12.8 | 7.2 | 4.5 | 1.8 | -0.8 | 0.2 |
| Nordic Economies | 1.6 | -2.4 | 3.2 | 3.2 | -4.2 | 3.5 | 2.8 | 1.8 | -0.3 | 0.4 |
| Other European Advanced Economies | 1.6 | -7.9 | 4.9 | 4.6 | -8.5 | 5.4 | 3.3 | 0.6 | -0.5 | 1.3 |
| United Kingdom | 1.4 | -9.9 | 5.3 | 5.1 | -9.8 | 5.9 | 3.2 | -0.1 | -0.6 | 1.9 |
| Emerging European Economies | 2.4 | -2.0 | 4.4 | 3.9 | -4.6 | 3.9 | 3.4 | 2.6 | 0.5 | 0.5 |
| Central Europe | 4.5 | -3.2 | 3.6 | 4.8 | -4.1 | 4.5 | 4.4 | 0.9 | -0.9 | 0.4 |
| Eastern Europe | 2.2 | -3.1 | 3.6 | 3.6 | -4.4 | 2.8 | 2.4 | 1.3 | 0.8 | 1.2 |
| Russia | 2.0 | -3.1 | 3.8 | 3.8 | -4.1 | 2.8 | 2.3 | 1.0 | 1.0 | 1.5 |
| Southeastern European EU Member States | 3.9 | -4.5 | 5.5 | 4.8 | -5.2 | 4.7 | 3.9 | 0.7 | 0.8 | 0.9 |
| Southeastern European Non-EU Member States | 3.6 | -3.5 | 4.7 | 4.3 | -5.0 | 5.5 | 5.2 | 1.5 | -0.8 | -0.9 |
| Turkey | 0.9 | 1.8 | 6.0 | 3.5 | -5.0 | 5.0 | 4.0 | 6.8 | 1.0 | -0.5 |
| *Memorandum* | | | | | | | | | | |
| World | 2.8 | -3.3 | 6.0 | 4.4 | -4.4 | 5.2 | 4.2 | 1.1 | 0.8 | 0.2 |
| United States | 2.2 | -3.5 | 6.4 | 3.5 | -4.3 | 3.1 | 2.9 | 0.8 | 3.3 | 0.6 |
| China | 5.8 | 2.3 | 8.4 | 5.6 | 1.9 | 8.2 | 5.8 | 0.4 | 0.2 | -0.2 |

Извор: IMF April 2021, Реален раст на БДП за 2021 година.

Економското заздравување се очекува дури во втората половина на 2021 година, односно во годините по 2022 година. Проекциите за раст на светската економија за 2021 година се оптимистички во границите од 4% (The World Bank, 2021) до 6% (IMF, 2021) и се засноваат на процесот на имунизација на светската популација. Предвидувањата за раст на економијата во Европа се движат од 3,2% во економијата на нордиските земји до 6,4% во Шпанија (IMF, 2021).

Падот на економискиот раст од 4,1% предизвика Северна Македонија да се соочи со најдлабоката рецесија во изминатите две децении. Ваквиот пад на растот на БДП предизвика и пораст на невработеноста која го достигна нивото од 16,7%, но и пораст на јавниот долг кој

го достигна нивото од 60% од БДП (The World Bank, 2020a), со што се излезе на горната граница од средно задолжени земји. Најголем пад на БДП од државите од Западен Балкан од -12% е забележана во Црна Гора, што се должи, пред сè, на падот на туризмот во оваа држава.

способности, односно на одлагање на реализација на проектите за опремување на вооружените сили. Политиката на Алијансата во овој домен е принципиелно утврдена со препораките од Самитот во Велс од 2014 година за долгорочно и стабилно




Извор: The World Bank, (2020b). Реален раст на БДП за 2021 година на земјите од Западен Балкан.

На владите на многу држави, вклучително и Северна Македонија, во првата половина на 2020 година им беше јасно дека проектираниот раст на економијата ќе претрпи извесни корекции, пред сè поради мерките кои државите ги презедоа за да го спречат ширењето на пандемијата и да се заштити здравјето на граѓаните, притоа водејќи сметка да не се предизвика дисфункција на националните економии

Проекциите за раст на економијата во 2021 година се мошне оптимистички, при што за Северна Македонија се предвидува раст од 3,6%, а за Црна Гора од 6,9%.

## Импликациите на КОВИД-19 врз трошоците во одбраната

Во пресрет на пандемијата со КОВИД-19 во март 2020 година, генералниот секретар на НАТО, Јенс Столтенберг, беше мошне резервиран во однос на импликациите кои се очекува да ги има КОВИД-19 врз економиите, врз проектираниот раст на БДП и на трошоците за одбрана на земјите членки на Алијансата. Тој истакна дека „кризата со корона вирусот на краток рок ќе има сериозни последици, не само врз економиите на земјите членки на НАТО, туку и врз нивните буџети" (Stoltenberg, 2020a). Според Stoltenberg „Сојузниците мора да останат посветени на повеќе инвестиции во безбедноста. Исто така, треба да запомниме дека инвестирајќи повеќе во нашата безбедност и вооружени сили, обезбедуваме поголема отпорност за нашите држави во справувањето со непредвидени настани, кризи и природни катастрофи, како што е сега случајот со КОВИД-19" (Aitoro, 2020).
Меѓутоа, како што се продлабочуваше кризата, стана јасно дека таа нема брзо да се реши. НАТО експертите и самиот генерален секретар Столтенберг, предупредија дека секое нерационално намалување на трошоците во одбраната ќе има далекусежни последици врз безбедноста, како за членките така и за Алијансата и дека тоа ќе ја намали нивната отпорност и ќе ја зголеми ранливоста на Сојузниците од надворешните загрозувања. Досегашните искуства говорат дека намалувањето на трошоците во одбраната најмногу се одразува врз развојот на одбранбените

финансирање и достигнување на ниво од 2% од БДП за трошоци во одбраната до 2024 година, од кои најмалку 20% ќе бидат наменети за набавка на нова опрема, вклучително и истражувањето и развојот на нови способности. Ваквата политика на Алијансата во предвечерјето на Самитот на НАТО во 2021 може да претрпи одредени корекции во правец на зголемување на постојните тековни трошоци.
Во октомври 2020 година, во своето обраќање на „GLOBSEC 2020 Bratislava Forum",  Столтенберг ќе истакне дека „...додека приоритизирањето на одбраната во средина на здравствена криза не е лесна работа, ние треба да останеме на нашата утврдена политика и правец, затоа што заканите и предизвиците кои првично нè натераа да се договориме да потрошиме повеќе за нашата колективна безбедност не исчезнаа, затоа што пандемијата ја покажа виталната улога која ја

имаат вооружените сили во поддршка на цивилните напори и затоа што ние треба да го одржуваме чекорот на технолошки напредок во ера на постојан натпревар" (NATO Secretary General Jens Stoltenberg, 2020b).
И покрај падот на економскиот раст и заканата од ширењето на пандемијата, забележан е последователен раст на трошоците во одбраната во последните шест години, во согласност со препораките од Самитот во Велс од 2014 година. Споредбено со 2019 година, 2020 година ја означува шестата година по ред во која е забележан раст од 3,9% на реалните трошоци во одбраната кај европските сојузници и во Канада. Во 2020 година единаесет (11) членки на НАТО го достигнаа нивото од најмалку 2% од БДП на инвестиции за трошоци за одбрана за разлика од три членки во 2014 година. (The Secretary General`s Annual Report 2020, 2021,стр.52)




Извор:The Secretary General`s Annual Report 2020, 2021,стр.52.

Пандемијата ја направи безбедносната околина многу понепредвидлива. Потребата на сојузниците да инвестираат во безбедноста на државите и во своите граѓани стана поважна од кога било порано. И наспроти очекувањата дека инвестициите во одбраната ќе се намалат, деветнаесет (19) членки на НАТО потрошија многу повеќе средства за опремување во 2020 година отколку во 2019 година.




Извор:The Secretary General`s Annual Report 2020, 2021, стр.52

Осумнаесет членки (18) го достигнаа нивото од најмалку 20% алокација на средства за набавка на нова главна опрема, вклучително и истражување и развој, споредбено со 2014 година (The Secretary General`s Annual Report 2020, 2021, стр.50).

Со континуитетот во инвестирањето во трошоците за одбрана, сојузниците не потрошија само повеќе, туку и испорачаа повеќе во развојот на нивните одбранбени и воени способности кои му се потребни на НАТО. „Тие инвестираа во унапредувањето на готовноста, одржливоста и интероперативноста на нивните вооружени сили во согласност со Целите на спосбности кои треба да осигураат дека НАТО ги има способностите и силите кои му се потребни“ (The Secretary General`s Annual Report 2020, 2021, стр.50).

Влијанието на КОВИД 19-врз трошоците во одбраната на Северна Македонија

Две години пред приемот во НАТО, Република Северна Македонија конечно се врати на патот на стабилно финансирање. Иако првите години беа повеќе стабилизациони отколку со значаен буџетски раст во одбраната, се утврдија чекорите за исполнување на заложбите што Алијансата ги утврди на Самитот во Велс 2014 година. Во март 2020 година Република Северна Македонија стана полноправна членка на Алијансата и имаше обврска да ги имплементира политиките и препораките на НАТО во сите области на планирање, вклучително и оние кои се поврзани со споделувањето на товарот во финансирањето и разумниот предизвик во развојот на способностите (Burden Sharing and Reasonable Challenge). Во 2020 година трошоците во одбраната во Северна Македонија беа проектирани и одобрени на ниво од 1,37% од БДП или 138 милиони американски долари. Од овие средства 18,23% или, во реални средства 33,6 милиони американски долари, беа алоцирани за набавка на нова опрема, односно за развој на одбранбените способности на Армијата. Според податоците добиени од Министерството за одбрана, преку слободен пристап до информации од јавен карактер, може да се види дека поради КОВИД-19 во мај и во септември вкупните трошоци во одбраната за 2020 година беа редуцирани за 29 милиони американски долари, односно се сведоа на 1,27% од БДП. Со двата ребаланси на буџетот, значителни корекции претрпеа и трошоците во одбраната, посебно во делот на неесенцијалните расходи, опремувањето и модернизацијата. Така, првично предвидените средства за опремување во висина од 18,23% беа редуцирани на 11,44% или, во реални средства, тие се намалија за близу половина, односно за15,8 милиони и се сведоа на 17,8 милиони американски долари (Министерство за одбрана, 2020 а.). Ваквото намалување на средствата за опремување и модернизација се одрази на динамиката на реализација на проектите за опремување и модернизација на Армијата дадени во Долгорочниот план за развој на одбранбените способности 2019 – 2028 година (ДПРОС 2019 – 2028 година). И покрај намалувањата, значајно е да се одбележи дека се одржа континуитет во финансирањето на тековните проекти за опремување и модернизација на Армијата. За волја на вистината, намалувањата не се должеа само на влијанијата на пандемијата врз трошоците во одбраната, туку и на контракцијата на економиите и неможноста навремено да се испорача воената опрема и вооружување од страна на производителите.

Охрабрувачки е податокот што усвоениот буџет за трошоците во одбраната за 2021 година изнесува 1,57% од БДП или, во реални средства, изнесува 200 милиони американски долари, од кои 25,69% или 51 милион се планирани за набавка на нова опрема (Министерство за одбрана, 2020 а). Според министерката за одбрана „со буџетот за 2021 година ќе го продолжиме процесот на опремување и модернизација на Армијата, за што се обезбедени 38 проценти повеќе средства отколку во буџетот за 2020 година. Навистина инвестираме во следна генерација опрема, следна генерација вооружување, обезбедување на техника, обезбедување на соодветна опрема, којашто ќе доликува на земја членка на НАТО. Кризната состојба со КОВИД-19 во која што се наоѓаме, најдобро покажува дека инвестирањето во Армијата е инвестиција во безбедноста на сите граѓани. Во овие три години, порастот на буџетот за одбраната ни овозможи да добиеме мотивирана, подобро обучена и подобро опремена зрмија“ (Шекеринска-Јанковска, 2020).

Трета година по ред се забележува континуиран и стабилен раст на трошоците во одбраната со просечно годишно ниво од 0,2 процентни поени од БДП. Доколку се продолжи и во наредните години да се инвестира со ова темпо во одбраната до 2024 година, а може и порано нашата држава да го достигне нивото од најмалку 2% од БДП инвестирање во трошоци во одбраната во согласност со принципите од Самитот во Велс од 2014 година.

д-р Игор Ѓорески




Извор: (Министерство за одбрана, 2020а).




# Под знамето на ОН

## Неуспешни мировни мисии

Првично мировните мисии повеќе биле воспоставувани после војни меѓу државите, како неопходност да се воспостави и да се одржува меѓусебна доверба, почитувајќи ги државните граници. Основно било поддршката на мировните договори или обезбедување тампон-зони помеѓу противничките војски. Подоцна, тие започнале сè повеќе да се применуваат во внатрешнодржавни конфликти и граѓански војни, кои често се карактеризираат со бројни вооружени фракции, различни политички цели и повеќе линии на командување и контрола над вооружени формации. Со текот на времето се анализираат и искуствата и научените лекции од ваквите операции. Останало и прашањето: Дали научените лекции можат да се применат во секој нов конфликт? Со неколкуте неуспешни или прекинати мировни операции, одговорот на прашањето е сè покомплексен. Но, дали една мировна операција ќе биде успешна или не, може да се насети и пред распоредувањето на мировниците на терен. Факторите кои влијаат на успешноста на преземените активности произлегуваат од начинот на реакција и постапување на Организацијата, или од спецификите на конфликтот кој се решава. Организациските фактори се однесуваат на: процесот на одлучување во ОН за меѓународно интервенирање, определениот мандат, изборот на лица кои ќе ја водат и ќе учествуваат во операцијата и од начинот на планирање на мисијата. Тие директно влијаат на шансите за успех на мисијата пред отпочнување на операцијата. Втората група фактори зависат од историјата на конфликтот, мирот кој се одржува, начинот на мировно преговарање и искреноста на намерите на преговарачките страни.

> Мировните операции, предводени од Организацијата на ОН, како одговор на заканите по мирот и безбедноста во светот, го менувале својот карактер и содржина со менување на карактеристиките на самиот конфликт



## Организациски фактори

ООН реагира со изготвување мандат за мировна мисија врз основа на: иницијативи на Советот за безбедност (СБ) за спречување или разрешавање конфликт, барања од страна на засегнатите страни, или по постигнување договор со посредство на трета страна и потребна е помош од ООН за спроведување на договорот. Бројот на иницијативите од страна на СБ, барањата за мир и барањата за спроведување мировни договори, со тек на времето се менувале. До крајот на „Студената војна“ (период од 1947–1991г.), иницијативите на СБ претставувале само четвртина, а најголем број од вкупниот број иницијативи за разрешување на конфликти биле од барања за помош во имплементација на договори. По 1991 г., со изменетата природа на војните и драстичното намалување на бројот на меѓудржавни конфликти, најголем број иницијативи бил со барања за помош од ОН за посредување или директно учество за постигнување мир во случаи на граѓански војни.

*Одлучување за дејствување*

Тековниот буџет и намалениот ентузијазам за нови големи заложби, јасно укажуваат на фактот дека во Организацијата, во овој период не се размислува за мировни мисии како одговор на секоја меѓународна или хуманитарна криза. Политиката на СБ се движи во таа насока, и покрај притисоците од страна на медиумите за должно посветување внимание на секоја криза која лесно може да прерасне во вооружен конфликт. Меѓутоа, искуството покажало дека ненавремена реакција на „Сините шлемови“ може да доведе до повторување на неуспехот (како во Сомалија во 1992г.).

При одлучувањето кога и каде да се распоредат мировните сили, СБ порано ги разгледувал основните претпоставки: решение преку преговори е секогаш подобро од воена победа; стопирањето на насилство е секогаш врвен приоритет кој зачувува животи и присуството на мировници помога во постигнувањето на претходните две цели. Основно е да се одржи контролиран мир, сѐ до разрешување на политичките разлики, причини за конфликтот. Актуелната неподготвеност за спроведување големи мировни операции иницира преиспитување на наведените претпоставки. Одделот за мировни операции при ОН (DPO) засега разгледува единствено распоредување на мали групи набљудувачи со претпоставка дека би се одржувал неопходниот прекин на огнот. На ова би се додало и организирање дотур на хуманитарна помош, до постигнување политичко или воено решение.

До крајот на „Студената војна“ (период од 1947–1991г.), иницијативите на СБ претставувале само четвртина, а најголем број од вкупниот број иницијативи за разрешување на конфликти биле од барања за помош во имплементација на договори





*Мандат*

Со мандатот, СБ ги поставува параметрите на операцијата. Доколку бидат поставени цели кои не можат да се постигнат, особено ако не се поткрепени со доволно ресурси, мандатот може да ја предодреди операцијата како неуспешна. Мандатите, исто така, можат да бидат и двосмислени или да дозволуваат и премногу слобода на некоја од засегнатите страни за самостојно дејствување. Со други зборови, мандатот може да биде нереален, неиздржан или нејасен. Понекогаш тоа е резултат и на поединечните односи на членовите на СБ кон одреден конфликт, кои многу се разликуваат. За неуспехот на „Сините шлемови“ во Сомалија во 1992 г., ОН го посочиле доделениот мандат. Раководството на UNOSOM заклучило дека мандатот на операцијата бил нејасен, често се менувал за време на процесот и бил подложен на различни толкувања.

Мировната операција MINURSO во Западна Сахара била пример за нереален мандат. Почнувајќи од средината на 80-тите години, медијацијата на ОН имала цел да се договори план според кој населението на Западна Сахара би можело да избере помеѓу независност или спојување со Мароко. До 1988 г. владата на Мароко и движењето за независност Polisario, во принцип се согласиле за референдум под надзор на ООН, но не и за деталите за негова имплементација. Во таква ситуација, единствено целосна соработка

на обете страни за остварување на целите и процедурите наведени во мандатот на MINURSO овозможувала референдумот да се спроведе правилно.

*Квалификуваниот персонал*

Без разлика на бројот и улогата на персоналот во операцијата, изборот на вистински луѓе за одредени должности може многу да влијае на изгледите за успех на мисијата. Тоа најдобро го опишал авторот на една квалитетна анализа на успешноста на мировните мисии: „Изборот на поединци или единици за учество во мултинационални операции, веројатно е најкритичниот чекор во операцијата“. Најважен, сепак, е изборот на лице кое ќе ја води операцијата, специјалниот претставник на генералниот секретар (SRSG). Не помалку важна улога има и изборот за командант на силите кои се распоредуваат.

Како главни предизвици за SRSG во мултидимензионални операции, DPO ги издвојува:

- обезбедување засегнатите страни да останат посветени на мирен дијалог и да постои согласност за реализација на операцијата на ООН;
- редовно ревидирање на процесот на спроведување на мандатот со цел негово приспособување при промени на околностите или на ставовите на договорените страни;
- одржување на меѓународна поддршка за планот и нејзино претставување во јавноста;
- успешна координација на политичките, воените и економските елементи на мировниот план.

Недостатокот на компетентност и посветеност, како на цивилниот така и на воениот персонал, многу негативно влијае на целата операција. Една студија од 1990 г. покажала дека учеството на држави во миротворството произлегува повеќе од национален интерес отколку од посветеноста на безбедноста и меѓународниот мир. Проблемот со квалитетот на униформираните контингенти е уште еден елемент со кој ООН сè уште тешко се справува. Неподобен војник за операцијата ООН, освен упатување барање за негово враќање дома, не можат да го казнуваат. Ваквите примери не се прикажуваат многу во јавноста.

*Планирање на мисијата*

Планирањето на мисијата и одговорот на прашањето за начинот на постигнување мир има огромно влијание врз шансите за успешно одржување на мирот. Постојат неколку начини за постигнување мир после конфликт, во зависност од тоа дали едната страна воено ја победила другата, дали е договорен мир, дали се продолжува политиката на агресија со други средства, дали мирот е наметнат од трета страна, итн. Неопходна е прецизна анализа на состојбите на терен опфаќајќи ги сите неопходни аспекти на прекинот на непријателствата.

## Фактори специфични за конфликтот

Најважните карактеристики на граѓанската војна вклучуваат ривалски настроени противници (подготвени да се борат еден против друг), доволно сопствени ресурси со кои можат да го одржуваат конфликтот и надворешни сили кои се подготвени да ѝ помогнат на едната или на другата страна. Од суштинско значење за постигнување успех со мировната мисија е првиот елемент. За постигнување мировен договор неопходно е да се преговара со сите засегнати страни или тој да се наметне однадвор. Доколку се преговара, неопходно е внимание за посветеноста на страните во конфликтот за постигнување мирно решение, што е од клучно значење за успехот на операцијата.

Студија на ОН посочува дека за една мировна мисија да биде успешна не треба да се занемарат случаите во кои лидерите на спротивставените страни би требало „да се притиснат“ за неопходното потпишување мировен договор. Исто така, проблем претставува и фактот што во граѓанските војни, и покрај искрените намери на потпишувачите на мировен договор, тие не се во состојба да ги контролираат разните фракции кои можат и да го загрозат целиот мировен процес.

М.С.

Недостатокот на компетентност и посветеност, како на цивилниот така и на воениот персонал, многу негативно влијае на целата операција. Една студија од 1990 г. покажала дека учеството на држави во миротворството произлегува повеќе од национален интерес отколку од посветеноста на безбедноста и меѓународниот мир








# Новото нормално

## Здравствената безбедност може да стане основна задача на вооружените сили

Пронаоѓањето на вакцини и извонредно брзиот процес на нивниот развој навестуваат дека постои можност конечно да се вратиме на нормалноста, иако се поголема е веројатноста дека годишните „бустер" вакцинации ќе станат дел од нашата иднина, исто како што е случајот со сезонските вакцини за грип. Кои се безбедносните импликации од ваквата ендемична болест? Ова прашање не е лесно за одговор, бидејќи не знаеме колку вирусот ќе биде вирулентен и смртоносен после една година – или цела деценија – но може да се каже дека ќе научиме да живееме со тоа. Инаку, тешко дека животот ќе се врати во нормала во блиска иднина, но чувството за нормалност најверојатно ќе се врати веќе следната година. Ова за професионалците од безбедносниот сектор не треба да значи „враќање на вообичаениот бизнис". Поточно кажано, иако вниманието повторно ќе се насочи на традиционалните закани во однос на безбедноста,

> Вирусите никогаш не умираат, но и никогаш не исчезнуваат. Затоа, и варијантите на шпанскиот грип се со нас повеќе од 100 години, а истото може да се очекува и од вирусот COVID - 19. Овој вирус исто како и неговиот „роднина" од Шпанија, ќе мутира многу пати. Притоа ќе станува помалку заразен, а голема е веројатноста да стане ендемичен како и шпанскиот грип

посебно внимание треба да се обрне на оние актери кои најверојатно ќе се обидат да го искористат одговорот на вирусот како оружје. Затоа, најпрво ќе мора да се ревидираат постојните парадигми за управување со кризи и ризици, за да се направат процени на преостанатата моќ и квалитетот на вирусот. Здравствената безбедност добива сосема нова димензија и ќе се натпреварува со другите форми на безбедност, како што се човековата и климатската безбедност, и се разбира националната безбедност. Затоа националните вооружени сили ќе преземат сосема нова улога во концептот за здравствена безбедност. Најверојатното сценарио е дека во многу земји вооружените сили ќе станат главни обезбедувачи на овој вид безбедност, главно преку нивните логистички и медицински можности за поддршка – но со тоа стануваат релативно помалку способни да ги извршуваат традиционалните функции потребни за обезбедување на националната безбедност. Исто така, регионите во светот, како што се Централна Азија, Блискиот Исток и Африка, и понатаму ќе бидат обесправени во однос на нивната способност да се спротивстават на вирусот и импликацците врз






Здравствената безбедност добива сосема нова димензија и ќе се натпреварува со другите форми на безбедност, како што се човековата и климатската безбедност, и се разбира националната безбедност. Затоа националните вооружени сили ќе преземат сосема нова улога во концептот за здравствена безбедност

нивната здравствена и национална безбедност. Притоа, не може а да не се спомене миграцијата во потрага по живот кој е помалку зафатен од вируси. Исто така и влијанието на болеста врз економската егзистенција најверојатно ќе продолжи уште долго време да биде со катастрофални последици. Значи, вирусот не исчезнува. Но, не исчезнува ниту човечката раса, иако е под постојан притисок. Односно, како и секогаш така и сега луѓето ќе се прилагодат на новото нормално, а преку ударните ефекти од развојот на вакцината ќе можат да уживаат во поздрав живот. Она што треба да биде јасно е дека вооружените сили претставуваат огромен капацитет што донесувачите на одлуки треба да го земат предвид кога се соочуваат со кризи како што е кризата предизвинака од пандемиска болест. Вооружените сили имаат низа способности, многу од нив уникатни, кои можат да направат критична разлика во способноста на државата да преживее криза како што е COVID-19. Трендот на зголемување односно продолжувањето на воените улоги на вооружените сили, иако е од големо значење, не е без трошоци, па тоа во одреден момент и мора да се земе во предвид. Со други зборови, како што растат потребите од медицински услуги, така и економската средина продолжува да се влошува, а политичките лидери сè повеќе ќе се свртуваат кон своите вооружени сили. Ова, покрај технички и медицински функции, би вклучувало и различни видови безбедносни задачи. Затоа,треба да се заблагодариме  за способноста и подготвеноста на војниците да го направат тоа. Овие придонеси од страна на вооружените сили не треба да се заборават кога кризата ќе заврши.

### Критериуми за носителите на одлуки

Потребни се  логични и директни критериуми за да се оценат ситуациите во кои вооружените сили може да се ангажираат во домашни непредвидени ситуации, особено



во услови на пандемија. Генерално, постојат шест фактори кои би требало да бидат логични а има потреба и од јасно дефинирани критериуми со кои би се оцениле ситуациите во кои вооружените сили може да бидат ангажирани во случај на домашни непредвидени ситуации, а особено во услови на пандемија. Притоа се подразбира дека во некои земји и во некои моменти, овие критериуми може да бидат занемарени или игнорирани во зависност од нивото на заканата од катастрофални болести.

Прviot и основен фактор е законитоста. Секое барање треба да се оцени во однос на усогласеноста со законите на одредена држава и нејзините меѓународни обврски. Имено, основна работа е да се провери дали барањето и начинот на кој е направено е во согласност со законите на земјата, особено со уставот и постојните закони за да се регулира ангажирањето на вооружените сили. И додека многу држави, како што се Германија и САД, имаат закони што го ограничуваат распоредувањето на нивните вооружени сили дома, други држави, како на пример Франција, немаат такви регулативи.

Но, сепак, може да се случат непредвидени настани, како што се големи катастрофи или да се појават лесно преносливи и други заразни болести, што би довело до потенцијално нарушување на редот и законот. Во исто време би се појавила потреба за одредени капаците и способности што само војската би можела да ги обезбеди, иако таквиот нејзин ангажман би бил во спротивност со правната конструкција во државата. Иако ова не беше случај со COVID – 19 кризата, сепак тоа е факт што не може да се исклучи, и тоа особено во услови кога невработеноста расте, а пристапот до храна е отежнат.

Вториот фактор е смртоносноста. Овде се поставува прашањето дали од војската може да се бара, како дел од обезбедувањето на поддршка, да употреби сила, со посебен акцент на смртоносна сила. Употребата на сила во домашни непредвидени ситуации е полна со опасности. Леталитетот е фактор кој се има предвид, а се разгледува и можноста за употреба на сила во напорите да се обезбедат сите правни аспекти за да се пружи одбранбена поддршка на цивилните власти. Потенцијалната потреба за употреба на сила може да побарува војската да поседува специјална опрема и обука и да постојата соодветни правила за ангажирање кои ја регулираат употребата на сила. Како општо правило, воените сили во поддршка на цивилните власти треба секогаш да избегнуваат употреба на смртоносна сила, освен во екстремни ситуации. Како и да е, настанатите ситуации може да бараат ангажирање на војската во потенцијално смртоносни активности во самоодбрана или да спречат поголема штета на населението, како што може да се случи во случај на појава на многу заразна и смртоносна епидемија. Притоа, можеби и за да се спроведе карантински налог, ќе има потреба од употреба на сила, и некој ќе треба да се справи со сите импликации од таквата одлука.

Ризикот е третиот фактор што ја регулира употребата на вооружените сили во обидот да се обезбеди одбранбена поддршка на цивилните власти. Иако е сличен на смртоносноста, ризикот повеќе се грижи за безбедноста на војниците. Односно, потребно е да се оцени дали постои зголемен ризик во однос на безбедноста и здравјето на војниците кои за време на нивниот ангажман потенцијално можат да бидат изложени на штетни агенси, како што се биолошки или хемиски отрови, или пак од нив да се бара да преземаат опасни дејствија, како што се спасување цивили или гаснење големи пожари. Поточно кажано, правната поддршка на цивилните власти во COVID – 19 кризата може да ги изложи војниците на самиот вирус; исто така, деконтаминацијата на област со зрачење или хемиска контаминација претставува ризик при извршувањето на оваа задача. Ризикот понатаму се обидува да ги утврди долгорочните ефекти врз силата, физичка и психолошка, за извршување задачи што може да бидат непријатни, како на пример собирање и распоредување на





Во однос на тековната здравствена криза, трошоците направени од вооружените сили најверојатно ќе бидат значителни – и веројатно нема лесно да се надоместат. Бидејќи ангажирањето на вооружените сили најверојатно ќе биде долгорочно, се чини дека е очигледно дека од силите ќе се бара да платат за нивните операции од постојното финансирање, дополнето до одреден степен со други средства

голем број починати после голема катастрофа. Ставањето војници на улица во униформа може да обезбеди чувство на зголемена безбедност, но може да ги направи и поранливи на напади.

Подготвеноста е четвртиот фактор при распоредување на воени сили во мисии за одбранбена поддршка на цивилните власти. Вооружените сили постојат за да ја одбранат нацијата од надворешни закани па поради нивниот ангажман за одбранбена поддршка на цивилните власти можеби и нема да бидат достапни за извршување националната одбрана. Преземање задачи и нивниот ангажман за одбранбена поддршка на цивилните власти кои имаат мала врска со воените функции, како што е, на пример, собирање ѓубре, може да доведат до ерозија на основните воени вештини, како што се борби со тенкови или артилериска огнена поддршка, што ќе бара време , напор и ресурси за закрепнување.

Подготвеноста, исто така, се обидува да ги измери поволните трошоци поврзани со способноста на војската да извршува други воени и ангажмани за одбранбена поддршка на цивилните власти. Ако армијата, или делови од неа, се ангажирана во задачи за одбранбена поддршка на цивилните власти тогаш можеби војската нема да биде достапна за извршување на други задачи во разумен временски период.

Петтиот фактор кој треба да се има во рпедвид кога се оценува барањето за ангажирање на војската е трошокот. Прашањето кој плаќа за вклучувањето на војската во поддршка на цивилните власти е со поголемо значење. Многу мисии и задачи за одбранбена поддршка на цивилните власти може да вклучат значително трошење на ресурси. Кога војската им дава поддршка на граѓанските власти за помош при катастрофи, може да вклучи значителни трошоци за набавки, транспорт и персонал. Во Европа, овие трошоци, во некои случаи, ги сноси самото Министерство за одбрана; во други, Министерството за одбрана очекува надомест за некои или сите трошоци од страна на министерството или агенцијата на која им била пружена помош. Затоа сите овие фактори треба да бидат поставени и разгледани на време, односно уште кога се оценува потребата за поддршка од страна на војската.

Во однос на тековната здравствена криза, трошоците направени од вооружените сили најверојатно ќе бидат значителни – и веројатно нема лесно да се надоместат. Бидејќи ангажирањето на вооружените сили најверојатно ќе биде долгорочно, се чини дека е очигледно дека од силите ќе се бара да платат за нивните операции од постојното финансирање, дополнето до одреден степен со други средства. Но, вооружените сили не треба да чекаат многу време и треба да побараат дополнително финансирање за операциите за поддршка на кризата предизвикана од COVID-19.

Последниот фактор е соодветноста. Треба да се одговори на прашањето дали е исправно, или е правилно, војската да извршува задача за одбранбена поддршка на цивилните власти. Ова е поврзано со поголемото прашање за имиџот на вооружените сили. Соодветноста се однесува и на тоа дали извршувањето на задачата е во интерес на Министерството за одбрана. Во случаи на ангажман за време на катастрофи, војската скоро секогаш ќе одговори потврдно. Но, има случаи, особено оние што вклучуваат потенцијална употреба на смртоносна сила против граѓаните, коишто војската може да ги смета за несоодветни и штетни за нејзиниот имиџ. Одговорот на вооружените сили на предизвиците на итен случај за време на COVID -19 кризата скоро исклучиво и насекаде беше позитивно примен од населението, дури и кога беа потребни силни методи за да се обезбеди сигурност и безбедност. Може да се очекува дека, доколку нема барање за употреба на сила против јавноста, тоа ќе продолжи да биде така.

Иако овие шест фактори/критериуми се оние кои најчесто го регулираат барањето помош од страна на вооружените сили, може да има и други елементи, како на пример дали војската има капацитет во однос на бројот на војниците или нивната обука, за да обезбеди помош. Војската, поради распоредување или други ангажмани, едноставно може да нема способност во одредени моменти да обезбеди поддршка. Тоа



е уште еден фактор кој треба да се земе во предвид кога се зборува за единствена/уникатна способност

Како општо правило би требало да се смета дека од војската треба да се побара да обезбеди ангажман за одбранбена поддршка на цивилните власти само во услови кога има единствена способност, а не да биде дел од други агенции. Типичен пример е да пружа поддршка за деконтаминација. Повеќето други агенции немаат капацитети како војската за хемиска или биолошка деконтаминација; затоа, можеби е соодветно да се побара воена поддршка во случај на таков инцидент, а некои од операциите за поддршка на СОВИД-19 може да бараат капацитети што ги поседуваат само вооружените сили во доволни количини, како што се војници со заштитна облека и опрема. Тогаш најверојатно е оправдан таквиот ангажман на војската.

м-р Билјана Поповска



# Украинскиот конфликт – извор на глобална нестабилност

Според западните разузнавачки анализи, Русија мобилизира околу 175.000 војници во близина на границата со Украина, што претставува недоволна сила која треба да се конфронтира со 250.000 активни украински војници кои ќе ја бранат својата татковина од непријател кој се бори само за плата. Русија ги распореди своите сили на границата со Украина, а воените дејства помеѓу сепаратистите поддржани од Москва и украинските безбедносни сили во изминатиот период се со поголем интензитет. Како доказ дека нема подобрување на ситуацијата е објавата на руското Министерство за надворешни работи од 17 декември минатата година. Руското Министерство за надворешни работи објави предлог во кој детално се опишани безбедносните гаранции меѓу Русија и САД, и каде што Русија експлицитно ја повлекува црвената линија за проширувањето на НАТО кон исток, односно кон Украина и другите поранешни советски држави. Рускиот претседател го поддржа планот со предупредување за можен „воен“ одговор на според него, „агресивните“ мерки на Западот со што го втурна светот во нова Студена војна.

На почетокот на владеењето на Путин, Русија и Украина беа толку блиски што идејата за воена



конфронтација меѓу двете земји беше невозможно да се замисли. Меѓутоа, билатералниот колапс помеѓу двете земји започна во 2004 година кога рускиот претседател го посети Киев во пресрет на претседателските избори во Украина во отворена подршка и кампања за неговиот претпочитан кандидат. Оваа постапка директно помогна да се испровоцира продемократската Портокалова револуција, која избувна неколку недели по неговата посета. Десет години подоцна, беше извршена инвазија на Крим и источна Украина. Денес Москва стравува дека по повеќе од 300 години руска доминација можат да ја загубат Украина.

Во моментов пристапувањето на Украина во НАТО е симболична заложба за идното членство, што датира од самитот на Алијансата во Букурешт во 2008 година. Иако оттогаш ова беше повторено во многу прилики, тоа нема вистинска тежина и во суштина е реафирмација на стандардната политика на отворени врати на Алијансата кон сите потенцијални нови членки. Засега нема напредок кон можното идно членство на Украина во НАТО. Алијансата ги минимизира шансите за приклучување на Украина, преку јасните сигнали на учтиво игнорирање или директно отфрлање на украинските повици за Акционен план за членство во НАТО. Со овој претпазлив пристап на НАТО, паѓаат во вода тврдењата на Путин дека Алијансата се обидува да ги зацврсти врските со Украина. Очигледно е дека Украина е таа која е во потрага по безбедност против тековната руска агресија, а Алијансата нема намера да направи чекор којшто може да ги поттикне аспирациите за членство на земјата. Сепак, Москва едноставно одлучи да го искористи повеќегодишното прашање за проширување на НАТО како изговор за да создаде вештачка криза со цел да ја изолира Украина од демократскиот свет.

Вистински независна и демократска Украина, Москва ја смета како директен напад врз империјалниот идентитет на Русија и егзистенцијална закана за авторитарниот систем на владеење на земјата. Рускиот претседател Путин отворено ја доведе во прашање историската легитимност на украинската државност, инсистирајќи на тоа дека Русите и Украинците се „еден народ“, а вистинскиот суверенитет на Украина е можен само во партнерство со Русија.

Според него, падот на Советскиот Сојуз и распаѓањето на историска Русија е најголема геополитичка катастрофа на дваесеттиот век, а тука првенствено е појавата на независна Украина, којашто претставува растечка закана за неговиот авторитарен режим. Меѓутоа, западните сојузници сметаат дека голем дел од руските предлози се неприфатливи, а и покрај сите тешки закани од Москва, инвазијата е малку веројатна. Која би била целта доколку започне руската инвазијата? Одговорот на ова прашање мора да го бараме во суштината на руската геополитика, која ги опфаќа сите начини на одлучување на Москва. Примарен императив на руската геополитика е домашната политичка консолидација за заштита од надворешни закани, без разлика дали доаѓаат од блиското или од глобалното опкружување, и проширувањето на своето регионално влијание особено во земјите од поранешниот Советски Сојуз, но и пошироко до максимални граници.

Со проширувањето на НАТО кон поранешниот советски блок се наруши клучниот императив за Русија. Тоа кај Москва создаде чувство на несигурност и небезбедност и од соседните земји кои се приклучуваат на НАТО и од надворешните сили, а првенствено од САД кои се силни поддржувачи на проширувањето на Алијансата. Во периодот помеѓу 1990-тите и раните 2000-ти години, Русија беше премногу слаба да го запре ширењето на НАТО во Централна Европа и Балтичките земји. Меѓутоа, Москва во 2008 година и во 2014 година беше подготвена да војува во Грузија и во Украина. Во процесот на донесување одлуки за воени интервенции во поранешните советски држави, пресметката на Русија се темели на стратешка рамка во чија основа се пет услови/променливи: причина-настан/ситуација; локална поддршка; очекувана воена реакција; техничка изводливост; и релативно ниски очекувани политички и економски трошоци, а особено кога станува збор за невоен одговор на воената интервенција, како што се санкции или дипломатски ограничувања.

Ако постои ограничување за некој од овие услови или пак условот воопшто не егзистира, веројатноста за руска интервенција е мала, па дури и во рамките на поранешниот советски простор, а доколку се одлучат за интервенција свесни се дека ќе

Светот со загриженост ги следи настаните на руско-украинската граница. Според Меѓународниот институт за стратешки студии од Лондон, Руската армија е приближно двојно поголема од украинската, а нејзината вкупна бројка на вооружени сили е повеќе од четири пати поголема од украинската. Односот на оклопни борбени возила е три спрема еден во корист на Русија. Меѓутоа, поучени од историјата, војувањето никогаш не е само математика



платат многу висока цена. Доколку се присутни сите овие фактори, постои многу поголема веројатност за руска воена интервенција. Москва е свесна дека нема шанси да победи во голема војна против западните сојузници, па затоа ѝ треба многу поограничен конфликт.
Овие пет услови се исполнети во случајот на руската воена интервенција на Грузија во 2008 година, а целта беше Русија да го поткопа стремежот на Грузија за пристапување во НАТО. Пресметките на Москва беа дека Грузија не е членка на НАТО, па оттука одговорот на западните сојузници ќе биде релативно ограничен и лесно ќе може да управуваат со трошоците. Грузиските воени сили беа многу послаби од руските, така што технички воената интервенција беше лесно изводлива. Петдневната Руско-грузиска војна наводно се водеше поради спорни територии, но вистинската цел на Москва беше геополитичка. Таа ги казни Грузијците и ги предупреди останатите за обидите за членство во НАТО, испраќајќи јасна порака до западните сојузници дека Русија со сила повторно ќе ја воспостави својата хегемонија. Москва докажа дека е подготвена со сила да ги премине европските граници, притоа оспорувајќи го правото на нејзините соседи коишто имаат целосен суверенитет самостојно да ја трасираат својата иднина. Со ова беше воспоставен начин на работа што Путин го употреби во Украина точно шест години подоцна.
И во случајот со Украина во 2014 година, сите услови беа исполнети. Евромајденската револуција која што го сруши од власт прорускиот претседател на Украина, Виктор Јанукович, беше причина за почеток на руската интервенција. Најсилна локална поддршка за руската интервенција беше во Крим и регионот Доњецк во источна Украина, но во остатокот од земјата поддршката беше ограничена.
Во Крим, Русија веќе имаше свои трупи, логистички беше обезбедена и имаше директен пристап до регионите Доњецк и Луганск. Исто како и Грузија, Украина не е членка на НАТО, а проценaта на Москва беше дека Алијансата нема да интервенира во случај на руска воена интервенција. Стратешка цел на Русија беше да ја сруши новата прозападно ориентирана Влада на Украина и да го блокира членството во НАТО. Како краен резултат на воената интервенција



Во моментов пристапувањето на Украина во НАТО е симболична заложба за идното членство, што датира од самитот на Алијансата во Букурешт во 2008 година. Иако оттогаш ова беше повторено во многу прилики, тоа нема вистинска тежина и во суштина е реафирмација на стандардната политика на отворени врати на Алијансата кон сите потенцијални нови членки

беше анексијата на Крим и тековниот конфликт во источна Украина што сè уште трае. Резултат од војната што избувна во источна Украина во 2014 година беа 14.000 мртви и околу 1,4 милиони раселени лица.Во април 2007 година властите на Естонија решија да го преместат „бронзениот војник“ и гробовите на 12 војници на воените гробишта надвор од Талин. Оваа одлука предизвика масовни демонстрации на Русите во Талин, а со тоа се влошија и билатералните односи помеѓу Русија и Естонија. Во овој случај Русија не се осмели воено да интервенира бидејќи Естонија веќе беше членка на НАТО, а доколку интервенираше ќе имаше негативни последици.
Јасно е дека руската воена интервенција во Украина има цел да ја сруши и изолира и потчини украинската влада и воедно да



испрати порака до западните сојузници. Меѓутоа, денес во споредба со 2014 година условите на терен се променети. Украина има многу поголема поддршка од западните сојузници, и иако не е членка на НАТО, економските, политичките и потенцијално воените трошоци за Русија во случај на воена интервенција би биле значително високи. Локалната поддршка во Украина за руска воена интервенција денес е многу помала отколку во 2014 година, со исклучок на постојните упоришта во Донбас и Крим. Доколку се определи за воената интервенција таа ќе варира од различни форми на упад, до голема инвазија на источниот дел на Украина. Најпрво би го зазеле Мариопол, за подоцна да напредуваат до брегот на Азовското Море, заземајќи ги Бердијанск и Мелитопол, спојувајќи се со Крим и Новоросија. За да се обноват потребните резерви за вода кои ќе се стекнат со контрола врз каналот Северен Крим, кој моментално е под украинска контрола, територијалните претензии на Москва би можеле да се прошират до брегот на реката Дњепар. Целта би била да се доведат во битка главните борбени елементи на украинската армија, и да им се нанесе таков пораз што владата на Киев ќе мора да ја преиспита својата позиција.

Сепак, сето ова не ги исклучува алтернативните, неконвенционалните воени методи кои што ќе ги примени Русија. Тука спаѓаат одредени варијанти на хибридно војување, тајни активности, политичка манипулација, сајбер-напади, пропаганда и дезинформации во кои спаѓаат и актуелните предупредувања за потенцијална воена интервенција. Исто така, не е исклучена и можноста за засилено присуство на руската војска во најзападната област на Русија – Калининградската област, или во држави коишто се нивни сојузници, како што е Белорусија.

Доколку се направи анализа на употребата на воена сила од страна на Русија во изминатите години, на прв поглед ќе добиеме впечаток дека е агресивна и непредвидлива, но во реалноста за секој конкретен случај очигледно е дека Москва прави детална анализа за трошоците и придобивките. Затоа многу лесно може да се анализираат и предвидат воените интервенции на Русија, но како и да е, воена интервенција во Украина не е невозможна, бидејќи во иднина секако може да дојде до промена на условите на теренот. Заплашувањата на Москва не смеат да успеат. Резултатот од конфликтот во Украина на долг рок ќе го одреди развојот на меѓународните односи. Доколку Москва успее да ги создаде условите од периодот на Студената војна и политиките на големите сили и сферите на влијание, тогаш светот ќе се соочи со нова ера на меѓународна несигурност, а Украина нема да биде последната земја која што ќе биде потчинета на ваков начин. Помеѓу руските и украинските позиции за разбирање на конфликтот има суштински разлики. Во фокусот на главниот спор е изнаоѓање на политичко решение за Доњеск, а двете држави имаат непомирливи ставови за иднината на областите зафатени од вооружениот конфликт во источна Украина. Украина сака да го врати својот суверенитет и територијален интегритет, додека Русија пак, врши притисок врз властите во Киев да дадат далекусежна автономија или таканаречен специјален статус на источна Украина. Меѓутоа според Киев, тие територии ќе се претворат во независни држави контролирани од Русија и ќе ѝ овозможи на Москва да има длабоко влијание врз надворешната и внатрешната политика на Украина. Владата во Киев тврди дека специјалниот статус за областите под контрола на бунтовниците во источна Украина е веќе вклучен во реформата за децентрализација на национално ниво.

Западните сојузници мора да најдат начин за интеграција на Украина, а доколку моментално не е изводливо пристапувањето во НАТО, пожелно е да се создадат други сојузнички форми преку кои ќе се преземат сеопфатни национални иницијативи за модернизација на Украина и приближување кон ЕУ. Потребен е поинаков пристап за успешно одвраќање на Русија, односно препознавање на вистинското геополитичко значење на трансформацијата на Украина и подигнување на односот помеѓу земјата и пошироkиот демократски свет на сосема ново ниво. САД и НАТО јасно ставија до знаење дека сакаат дијалог со Русија за да се избегне конфликт, со верување дека Украина има право да носи одлуки како суверена нација. Меѓутоа, се додека Москва смета дека украинската независност е несреќен настан во историјата, Украина ќе остане главна цел на руската агресија и извор на глобална нестабилност.

> Западните сојузници мора да најдат начин за интеграција на Украина, а доколку моментално не е изводливо пристапувањето во НАТО, пожелно е да се создадат други сојузнички форми преку кои ќе се преземат сеопфатни национални иницијативи за модернизација на Украина и приближување кон ЕУ



Д-р Ненад Танески



# Подемот на новите светски воено-политички организации

Периодот од завршувањето на Втората светска војна до крајот на дваесеттиот век обележува бројни и маркантни флуктуации на сцената на светската политика. Во овој период може да се забележат создавања на нови држави и нивно реструктуирање, покажување на експанзионистички и агресивни политики, како случајот со СССР, формирање на нови сојузи како НАТО и Варшавскиот пакт, контролирање на влади преку воспоставување на договори во подоцнежниот период на Варшавскиот пакт, проби за отфрлање на режими и нивно урнисување, распаѓање на држави и повторно воспоставување на договри и формирање на организации. Сите овие настани претставуваат резултат на причинско-последичните врски во меѓународните односи кои се материјализираа во реалноста. Во хаосот настанат од блоковската поделба на светот и Европа, единствен континуум останаа двата главни учесници, од чии односи директно зависеше иднината на секој нареден ден – САД и СССР. Черчиловата теза дека над Европа се спушти „Железната завеса“ и направи јасна дистинкција помеѓу воените, политичките и идеолошките убедувања и доктрини на едните и другите, стануваше секојдневие и реалност, што во даден момент, дури и доведе до поставување на прашањето: Дали светот е на работ на Трета светска војна?. Сепак, со текот на времето и развојот на настаните на ниво на светската политика, воено-политичките сојузи кои се создаваа, или се разединуваа или ја менуваа својата мисија.

> Со блоковската поделба на светот и Европа, единствен континуум останаа двата главни учесници, од чии односи директно зависеше иднината на секој нареден ден – САД и СССР. Што се случи со главните актери од Студената војна откако се крена „железната завеса?“

На почетокот на деведесеттите година на дваесеттиот век, падот на комунистичките режими го обележа крајот на СССР, но го означи и почетокот на потпишувањето на нови безбедносни договори и формирањето на нови безбедносни,





воено-политички организации, меѓу кои и Организацијата на договорот за колективна безбедност – ОДКБ, формирана врз урнатините на поранешниот СССР, во исклучително нестабилни околности, со цел заедничко залагање кон решавање на безбедносните прашања кои во овој период беа на претек и секое со сопствена доза на приоритет. Сепак, после толку време, останува прашањето „што се случи со главните актери за време на Студената војна после ‘кревањето’ на ‘железната завеса’ и која беше позадината за антагонизмот и ривалството кои долго време ја обликуваа светската политика.

Пред сѐ, експанзионистичката политика и однесување на СССР, по Втората светска војна, доведе до здружување на западните земји и до формирање на НАТО алијанса која се засегна да се подготви да одговори во случај на евентуална агресија. После ова, трката по распространување и зацврстување на влијанието во европските земји и од страна на СССР и од страна на НАТО веќе стана потранспарентна, со оглед на фактот дека и двете страни препознаа противник помеѓу себе. Една од научените лекции од самата блокада на Берлин за западните сили беше дека дооформувањето и осамостојувањето на Западна Германија беше од клучен интерес за НАТО, со цел што побрзо да се приклучи оваа нова земја кон сојузот и да се обезбеди нејзината лојалност во целост. Причинско-последичната врска во настаните е – ако берлинската блокада значеше јасен почеток на посилните антагонистички односи помеѓу Истокот и Западот, тогаш приемот на Западна Германија во НАТО значеше почеток на зголемување на интензитетот на трката по вооружување и опремување на војските на двете сопернички страни.

Несомнено, ваквата одлука за СССР беше силен индикатор дека треба на свое ниво и во рамките на своите одговорности да преземе дејства, со цел да одговори на оваа тешка закана по својата безбедност. Решението беше евидентно – формирање на воено-политички сојуз составен од социјалистички земји кои лесно ќе се покоруваат под диригентската палка на СССР, сојуз формиран од држави на европско тло, кој ќе биде достоен да му парира на НАТО. Затоа, набргу после влегувањето на Федеративна Република Германија (Западна Германија) во НАТО алијансата, СССР иницираше потпишување на Договорот за пријатество, соработка и заедничка помош помеѓу сателитските држави во централна и источна Европа. Договорот беше потпишан на 14 мај 1955 година во Варшава помеѓу СССР и Албанија, Бугарија, Чехословачка, Германската Демократска Република (Источна Германија), Унгарија, Полска и Романија, па оттогаш го доби своето популарно име – Варшавски пакт. Овој момент го означуваше почетокот на познатата блоковска поделба во светот – Западниот блок, кој го сочинуваа САД, НАТО и земјите кои пројавуваа тенденции кон НАТО и источниот блок – СССР, Варшавскиот пакт и социјалистичките земји.

Причинско-последичната врска на овие настани е и повеќе од евидентна, дури укажува на заклучокот дека на СССР, во одредена мера, му одговараше формирањето на НАТО. Самото формирање на овој сојуз на западни сили, СССР не пропушти да го протолкува како оправдување за реализација на своите политички планови, кои во своите иницијални фази го имаа во фокус формирањето на Источен воено-политички сојуз – Варшавскиот пакт, а потоа и одржување и контролирање на комунистичките режими во самите членки на пактот, а со тоа и остварување на своите политички апетити во Европа и во светот. Уште еден вид олеснување беше влегувањето на Западна Германија во сојузот, со што оваа постапка веднаш беше етикетирана од страна на СССР како закана по безбедноста и неопходно решение

Падот на Берлинскиот ѕид симболично го претстави почетокот на нова ера во која не се гледаше многу место за комунистичките влади во Европа. Крајот на осумдесеттите и почетокот на деведесеттите на XX век беа одлика на паѓањето на комунистичките режими во Европа, а со самото тоа и слабеењето на силата на Варшавскиот пакт, импликативно и слабеењето на влијанието на СССР во Европа





НАТО, од распаѓањето на СССР до денес, продолжи да функционира и забележи силна тенденција на проширување на своето членство со европските земји



беше членувањето на Источна Германија во СССР и вооружување на војските во сите земји членки. Со други зборови, парадоксалноста со која се одликува овој период се препознава во фактот што НАТО го оправдуваше своето постоење поради агресивното и експанзионистичко однесување на СССР, а Варшавскиот пакт беше оправдано создаден поради постоењето на НАТО.

Случувањата кои следуваа во Европа ќе го означат почетокот на крајот на СССР и на неговиот проект за контролирање на комунистичките држави во Источна Европа – Варшавскиот пакт. Падот на Берлинскиот ѕид симболично го претстави почетокот на нова ера во која не се гледаше многу место за комунистичките влади во Европа. Крајот на осумдесеттите и почетокот на деведесеттите на XX век беа одлика на паѓањето на комунистичките режими во Европа, а со самото тоа и слабеењето на силата на Варшавскиот пакт, импликативно и слабеењето на влијанието на СССР во Европа. Водството на комунистичките влади во источно-европските земји беше заменето со некомунистички лидери, беа донесувани нови устави и беа организирани демократски избори, со што се воведе повеќепартискиот систем на владеење и се стави крај на комунистичките режими. Новите влади на земјите членки, безмалку едногласно и едновремено го раскинаа договорот, така што разединувањето на Пактот се случи со распуштање, прво на воената, а потоа и на политичката компонента. Во исто време бранот на отфрлање на комунистичките режими во Европа не ги поштеди и земјите членки на СССР, па дури и оние во Централна Азија. Ова не ги сопре советските држави да ја прогласат својата независност од СССР, што сè почна и сè заврши во релативно краток период и сè беше готово до почетокот на 1992 година. Азиските држави кои ја добија својата независност со распаѓањето на СССР од аспект на надворешна политика, немаа особено истакнати светски аспирации, туку фокусот им беше на решавањето на територијалните и внатрешнодржавните проблеми кои настанаа со самиот распад. Она што во голема мера беше поттикнато од одржувањето на „советскиот дух“, а воедно оформи и плодна почва за понатамошно сојузување, беше склучувањето на договори за соработка и безбедност со кои ја гарантираа сопствената, меѓусебната и регионалната безбедност. Во оваа насока се истакнува Организацијата на договорот за колективна безбедност (Collective Security Treaty Organization). Организацијата на договорот за колективна безбедност претставува меѓународна организација која потекнува од периодот после распаѓањето на Советскиот Сојуз, чија иницијатива за создавање ја има Русија. Зачетокот на Организацијата се пронаоѓа во потпишување на Договорот за колективна безбедност во Москва на 15 мај 1992 г., како договор за соработка на воен и политички план помеѓу земјите кои штотуку ја декларираа својата независност – Ерменија, Казахстан, Киргистан, Русија, Таџикистан и Узбекистан.

Главните цели врз кои се темели функционирањето на организацијата претставуваат зајакнувањето на мирот, интернационалната и регионалната безбедност и стабилност, заштитата на колективна основа на независноста, територијалниот интегритет и суверенитет на земјите членки. Особено интересно во врска со оваа организација е фактот што во периодот по основањето на организацијата, по својата структура на земји неодоливо наликува на поранешниот СССР, со исклучок на одредени земји кои или се во заладени односи со Русија (Украина, Грузија) или видно ги изразија своите

прозападни аспирации (Литванија, Латвија, Естонија). Со признавањето на Повелбата на организацијата, од страна на Генералното собрание на ОН – на 7 октомври 2002 година, ОДКБ официјално почнува да фигурира на сцената на меѓународните односи. Денес во Организацијата на Договорот за колективна безбедност членуваат Ерменија, Белорусија, Казахстан, Киргистан, Русија и Таџикистан. НАТО, од друга страна, од распаѓањето на СССР до денес, продолжи да функционира и забележи силна тенденција на проширување на своето членство со европските земји. Неизбежно е да се напомене и соработката која се воспостави со Русија преку Советот НАТО – Русија, преку кој се оформуваа основи за соработка на различни полиња и здружување на напорите во решавање на некои од општествените предизвици кои се случуваа во светот. Во позитивна насока се решаваа и договорите за контрола на нуклеарното вооружување, иако постоеја случаи кога тензиите предизвикани од неизвесноста за нивното продолжување беа високи и несигурни. Она што очигледно ја прекина оваа соработка и дополнително ги заостри односите помеѓу двата светски гиганти беа случувањата околу анектирањето на Крим во 2014 година од страна на Русија.

Во исто време, Русија, преку своите дипломатски канали прави притисок НАТО да ги прекине сите воени активности и вежби на своето источно крило, особено во Украина и во балтичките земји, закaнувајќи се со вето на стапувањето на Украина како полноправна членка на НАТО, иако формално-правно Москва на ова нема право, сфаќајќи го ветото во својата најтрадиционална суштина. Второстепено, Москва би барала повлекување на мултинационалните баталјони и на останатитње единици на територијата на Полска и на балтичките земји, како дополнување на безбедносната перцепција за својата источна граница. Во моментов фокусот на лидерството на ОДКБ се пронаоѓа во обезбедување на регионите на своите јужни граници, особено на делот со Авганистан, после заминувањето на американските и коалициските сили; на продолжување на договорите за контрола со САД на стратешкото вооружување; на продлабочување на соработката со меѓународните организации, како и зајакнување на односот спрема Конвенцијата за биолошко и токсично оружје. Сепак, реториката на Москва не ја исклучува можноста случајот со НАТО на источното крило на Русија (и на ОДКБ), да стане следна точка на дневниот ред на Советот за безбеднот на ОДКБ.

Во мај минатата година Русија го зголеми присуството на свои единици на границата со Украина и константно ја одржува готовноста и интероперабилноста со својот сојузник Белорусија. Логичната оправданост на распоредувањето на единиците се наоѓа во препознавањето на безбедносниот ризик во распоредувањето на трупите на НАТО на источната граница на Алијансата, односно на териториите на државите-членки на НАТО. Белорусија, како и сите останати земји-членки на ОДКБ, во согласност со Договорот за колективна безбедност, по принципот на „колективна одбрана“ (како што е случај и со Северноатлантскиот договор), се има обврзано да ја брани територијата на ОДКБ, во случај на напад или агресија и по барање за помош од нападнатата земја, во согласност со членот 4 од овој Договор. Дополнително, на ова, авторитетите на НАТО упатија остра критика во врска со тестирањето на антисателитски ракети, кое се случи на 15 ноември 2021 година од страна на Русија, посочувајќи на непотребната милитаризација на вонземскиот простор.

Гледајќи објективно и на макрониво на односите помеѓу САД и Русија, но и помеѓу НАТО и Русија, и земајќи го предвид претходно елаборираното, би се заклучило дека иако до 2014 постоеше тенденција за соработка и здружување на напорите за решавање на одредени регионални и светски безбедносни проблеми, сепак ситуацијата денес многу повеќе наликува на сценарио од периодот кога тезата за „железната завеса“ сè уште не беше клише.

м-р Бојан Миклош





# Конструктивизмот на Џон Кенеди

Кубанската криза била настан кој ја тестирал умешноста и одлучноста на младата и нова администрација на претседателот на Соединетите Американски Држави (САД) „Џон Кенеди“ да се спротивстави на стоицизмот на Сојузот на Советските Социјалистички Републики (СССР) и неговото раководство, претставено од генералниот секретар Никита Хрушчов

Кубанската криза била настан кој траел вкупно тринаесет дена, но предизвикала значително влијание врз понатамошниот тек на Студената војна. Решението на оваа криза ќе покаже дека тоа може да биде пронајдено преку поставување на нови правила и создавање на ограничувања за останатите чинители во даден конфликт.
Користењето на конструктивизам во решавањето на Кубанската криза било најдобар пристап во процесот на изнаоѓање на решение кое им овозможело на САД да ги испочитуваат принципите на својата надворешна политика и во исто време да не го уништат светот во нуклеарен холокауст. Наменското користење на инструментите на моќ, кои претседателот Кенеди одлучува да ги користи, служи како доказ за тврдењето дека најдиректниот и најсилен одговор не треба секогаш да биде прв избор.
Претседателот Кенеди ги користел средствата на Военото воздухопловство на САД не како средства за напад, туку како алатка за извидување за да го потврди постоењето на лансирните комплекси на кубанска почва. За времетраењето на кризата претседателот Кенеди бил свесен и ги познавал карактеристиките и капацитетите на Военото воздухопловство на САД, но одбивал да ги искористи неговите полни кинетички капацитети.
Според Франк Викенхајсер (Frank Joseph Wikenheiser, "The United States Military in the Cuban Missile Crisis"), по добивањето на потврдата за постоењето на лансирните комплекси, претседателот Кенеди не го прифатил предлогот за прецизни бомбардирања од воздух за уништување на лансирните комплекси. Напротив, тој продолжил со користење на средствата на Военото воздухопловство на САД за понатамошно, подетално извидување, покажување на сила и присуство и како средство за прибирање на информации.
Реалната употреба на Военото воздухопловство на САД би значела воздушни напади врз клучни цели на територијата на Куба, како вовед во поморската инвазија на Куба, што пак би значело вовед во војна. Тоа не била визијата на претседателот Кенеди за користење на Армијата на САД.



Според Дејвид Колман (David Coleman, “The Fourteenth Day: JFK and the Aftermath of the Cuban Missile Crisis”), во деновите на Кубанската криза, Куба била ставена под карантин со користење на еден носач на авиони, два крстосувачи, дваесет и два разурнувачи и две фрегати вооружени со крстосувачки проектили. Во поглед на користење на сила и распоредување на единици, овие средства со себе носат многу голема огнена моќ и преставуваат голем број на распоредени сили на Воената морнарица на САД. Тоа е направено со полно право бидејќи Воената морнарица на САД ќе ја одигра најважната улога во разрешувањето на Кубанската криза. Целата таа повторно, во овој случај доаѓа до израз промената на начинот на користење на воената сила. Претседателот Кенеди сакал евентуалниот конфликт да го ограничи на отворено море, во меѓународни води, наспроти идејата за целосна инвазија на суверена држава. Тој успешно ги прилагодува правилата за „слободна пловидба во меѓународни води“ преку примена на максимата за заштита на сопствената држава, недозволувајќи понатамошно вооружување на Куба со системи за вооружување со потекло од СССР. Многумина ја нагласуваат теоријата дека неуспехот на американската инвазија на Куба во Заливот на свињите го насочил претседателот Кенеди кон недоверба во вооружените сили



Армијата на САД веќе била под тревога од трет степен на тревожење (DEFCON 3) и вршела преместување на единиците кон сојузната држава Флорида, како реон за собирање пред евентуалното добивање на наредба за извршување на инвазија на Куба. Тие подготовки никогаш не претставувале потврда дека инвазијата навистина ќе се случи. После неуспешната инвазија во Заливот на свињите (Bay of Pigs) на Куба, претседателот Кенеди не сакал да користи комплетно воено решение за кризата. Реалистите, во овој случај, тврделе дека движењето на единиците е доказ за планирањето на инвазијата, но ограничената употреба на воената моќ докажува дека наменското и ограничено користење на сила е доволно за да ја прикаже подготвеноста на САД за употреба на Армијата. Претседателот Кенеди се воздржува од тоа сценарио и тие единици ги користи само како средство за одвраќање. На одреден начин, ова претставува патоказ за претседателот Кенеди за начинот на кој ќе продолжи да бара решение за Кубанската криза преку користење на Воената морнарица на САД.



воена сила никогаш не била наменета за ангажирање во борба или да се користи како платформа за кинетички удари. Нејзина главна цел била да служи како сила за блокада на пристапите кон Куба. Реалистите, во овој случај, би можеле да тврдат дека поморска сила со таа големина би можела лесно да се искористи за напад на лансирните комплекси на Куба или за поддршка на инвазијата на Куба на Армијата на САД, но

на САД, и дека таа недоверба кон довела до решението за кое тој се определил во однос на Кубанската криза. Но, тие видувања за развојот на настаните се површни и погрешни. Користењето на воената силата од страна на претседателот Кенеди треба да се разгледува како успешна провокација. Тој ги имал потребните сили за конвенционален напад и инвазија на Куба, но одлучил да не ги искористи. Не сакал да ја ескалира Студената војна во нуклеарна војна. Си ги знаел границите, ги знаел и опциите за користење на нуклеарниот арсенал на САД, но не бил сигурен во ограничувањата што раководството на СССР би ги испочитувало. Конструктивизмот на претседателот Кенеди му понудил излез од Кубанската криза преку воспоставување на нови норми и приспособување на постоечките правила. На крајот, се покажало дека претседателот Кенеди бил успешен и во практикувањето на надворешната политика на САД и во одбраната на сопствениот народ и држава.

Томица Ристоски



# Вакцина на Армијата на САД која ќе штити од сите варијанти на COVID-19

Појавата на човечките корона вируси во текот на изминатите две децении и порастот на бројот на варијантите на SARS-CoV-2, вклучувајќи го и последниот „омикрон“, ја истакнуваат континуирано потребата за вакцини од следната генерација кои ќе дадат широка заштита од болести поврзани со корона вирусот

Главниот медицински советник на Белата куќа, д-р Ентони Фаучи, неодамна го истакна вложувањето на Владата на САД во универзална COVID-19 вакцина која може успешно да се бори против сите варијанти на вирусот. Фаучи изјави дека постојат усогласени напори за развој на универзална COVID вакцина која би значела дека првичната вакцинација ќе ги покрие сите варијанти, така што нема да има потреба од дополнителни вакцини.

Истражувачите од Институтот за истражување на Армијата на САД во текот на изминатата година интензивно работеа на пронаоѓање на универзална вакцина која ќе штити од сите варијанти на корона вирусите. Во декември минатата година, научниците од Институтот на Армијата на САД објавија дека нивната панкорона вакцина (позната како SpFN) ја заврши фазата 1 на испитувања со позитивни резултати. Д-р Кејвон Моџарад, директор за заразни болести во Институтот и копронаоѓач на SpFN, притоа изјави, „Ја тестираме нашата вакцина против сите различни варијанти, вклучувајќи го и омикронот, кој предизвикува инфекции и кај луѓето кои добиле засилувачки вакцини. Сепак, вакцината SpFN треба да помине и низ фаза 2 и 3 на испитувања“.

Трите вакцини кои се овластени за употреба во САД имаат два различни пристапи за спречување на COVID-19 инфекција: Вакцините Pfizer и Moderna користат MRNA за да се изгради имунитет, додека вакцината Johnson & Johnson користи безопасен риновирус за да го обучи имунолошкиот систем на телото да одговори на инфекцијата со COVID-19.

Вакцината Spike Ferritin Nanoparticle COVID-19, или SpFN, има поинаков, трет пристап, користејќи дел од COVID-19 вирусот за да ја поттикне одбраната на телото против COVID. SpFN, исто така, има помалку рестриктивни барања за складирање и ракување од вакцините Moderna и Pfizer. Оваа вакцина може да се чува до шест месеци на температура помеѓу 36 и 46 степени фаренхајт, и



на собна температура до еден месец. Вакцината на Pfizer бара ултраколд замрзнувач (помеѓу минус 112 и минус 76 степени F) за пратка и складирање и е стабилна само 31 ден кога се чува во фрижидер. SpFN се тестира кај луѓето против омикрон варијантата и покажува позитивни резултати. Научниците од армијата ја дизајнирале нивната вакцина да биде "пан-коронавирус", што значи дека може да заштити од идните соеви на COVID, како и други коронавируси.

Вакцината SpFN на Армијата е обликувана како фудбалска топка со 24 лица. Научниците можат да ги прикачат шиповите на повеќе коронавируси на секое од различните лица, овозможувајќи им да ја прилагодат вакцината за сите нови COVID варијанти кои се појавуваат.

Дали армиската вакцина ќе биде ефикасна против различни видови на COVID-19 како омикрон и други коронавируси ќе се види во наредниот период. Завршувањето на сите три фази може да трае до пет години, но потребата за ефикасна вакцина го забрзува процесот.

м-р Зорица Стојкова

# Обуки за градење на интегритет

Градењето на интегритет во одбраната е еден од приоритетите на Министерството за одбрана. Во таа насока, во просториите на Регионалниот тренинг центар за обука за односи со јавноста (ПАРК), беа реализирани обуки за градење интегритет во човечките ресурси и јавните набавки. Обуките беа во организација на Министерството за одбрана и норвешкиот Центар за интегритет во одбранбениот сектор. Едната обука беше обука за градење интегритет во доменот на човечките ресурси, а втората обука беше обука за градење интегритет во јавните набавки. Целта на обуката за градење интегритет во доменот на човечките ресурси беше запознавање со основните принципи, концепти и алатки за управувањето со човечките ресурси, додека обуката за градење интегритет во јавните набавки се фокусираше на утврдувањето на принципите и најдобрите практики за планирање и реализација на јавните набавки во одбраната. На обуките учествуваа педесетина вработени во Министерството за одбрана и Армијата, а предавачи беа експерти во доменот на градењето интегритет од Центарот за интегритет на Кралството Норвешка.



Реализираните обуки се дел од активностите од Планот за интегритет 2021 – 2024 година на Министерството за одбрана. Во согласност со Планот за интегритет, за да се создаде функционален систем за управување со човечки ресурси, неопходно е вградување на континуирано унапредување на принципите на интегритет и професионализам во одбранбениот сектор, со што се намалува можноста за појава на корупција. Процесот на градење интегритет во доменот на јавните набавки е исто така дел од Планот за интегритет каде се укажува на потребата од континуиран развој на капацитети и вештини кај службениците, офицерите и другите лица вклучени во процесот на набавки, заради препознавање и минимизирање на ризиците од корупција.

# Курс за НАТО стандардизација

Во текот на месец декември, од страна на Мобилен тренинг тим на НАТО Канцеларијата за стандардизација во Домот на Армијата во Скопје беше реализиран Курс за НАТО стандардизација наменет за вработените во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија. На отворањето на Курсот свое обраќање пред учесниците и инструкторите имаше државниот секретар во Министерството за одбрана, Драган Николиќ. Државниот секретар, Драган Николиќ, во обраќањето ја истакна важноста на стандардизацијата во одбраната, како и посветеноста на Министерството за одбрана и Армијата за континуирано унапредување на стандардизацискиот систем во одбраната. Николиќ потенцираше дека со поддршка од страна на НАТО структурите за стандардизација преку ваков тип на курсеви и обуки се постигнуваат значајни придобивки за развој на националните капацитети и исполнување на целите на способности во НАТО.



Курсот се фокусираше на зголемувањето на знаењата за НАТО стандардизацијата, како и на улогата на националните претставници и стручни лица во НАТО работните тела за стандардизација. Учесници на курсот беа раководни и стручни лица вклучени во стандардизациските процеси во одбраната.
Стандардизацијата, како една од клучните алатки за постигнување интероперативност, е основа за успешен придонес и соработка во НАТО мисиите и операциите.

# Пријави се! Биди професионален војник во Армијата на Република Северна Македонија!

Дали сте млади, мотивирани, посветени? Дали ја сакате својата татковина и сакате да бидете гарант за нејзиниот мир, за стабилноста, за безбедноста на вашите најблиски, на вашите соседи, на пријателите? Дали сакате да работите во средина која конечно го доби своето заслужено место во македонското општество, да бидете почитувани и да имате можности за развој и напредок како во ниту една друга професија?

Ако одговорот на овие прашања е ДА, тогаш воената професија е професија за вас!

## Како да станете професионален војник во Армијата?

За да се пријавите на Јавните огласи за прием на професионални војници во служба на Армијата на Република Северна Македонија, потребно е да ги исполнувате следните општи и посебни услови:

1. ОПШТИ УСЛОВИ:
 - да сте државјанин на Република Северна Македонија;
 - да сте полнолетен/на;
 - да имате посебна здравствена и физичка способност.

2. ПОСЕБНИ УСЛОВИ:
 - да имате завршено средно образование;
 - да не сте постар/а од 25 години на денот на завршување на Јавниот оглас за прием на професионални војници.

**#НиеСмеНАТО**





## Што по пријавувањето на Јавниот оглас?

По пријавувањето на Јавниот оглас, сите пријавени подлежат на здравствени прегледи и на психолошки тестирања, потоа на проверки на физичката способност за воена служба и на проверка на впишаните податоци во прашалникот за вистинитост.

Наведените проверки се спроведуваат од страна на комисии кои се формирани од страна на министерот/ката за одбрана.

Со примените кандидати, по спроведувањето на тестирањата, Министерството за одбрана склучува договор за работа во траење од три месеци, период во кој се реализира основна воена обука. За овој тримесечен период, примените кандидати ги остваруваат **сите права и обврски** од работниот однос во согласност со Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија, односно кандидатите примаат и целосна плата.

По успешното завршување на оваа воена обука, со лицето коешто е примено на Огласот се склучува договор за работа во времетраење од четири години.

## ШТО ДОБИВААТ ПРИПАДНИЦИТЕ НА АРМИЈАТА:

- вработување и напредување во службата;
- бенефициран стаж;
- станбено обезбедување во форма на додаток на плата;
- психофизичко одржување на телото и на личноста;
- здравствена заштита;
- осигурување;
- континуирана обука и усовршување во земјата и во странство;
- можност за напредување во кариерата;
- изучување на странски јазици;
- стекнување на непроценливи искуства, посетување на странски земји и стекнување пријателства преку учество на меѓународни воени вежби и во меѓународни мировни мисии;
- се обезбедува постојано вработување во државните институции по завршување на законски предвидената горна граница за служба во Армијата.





## КОГА И КАДЕ МОЖЕТЕ ДА СЕ ПРИЈАВИТЕ И ДА СЕ ИНФОРМИРАТЕ:

Јавните огласи за прием на професионални војници во служба во Армијата се објавуваат на веб -страницата на Министерството за одбрана, во два дневни весници и на социјалните мрежи на Министерството.
Вашите апликации со потребните документи кои се бараат во Јавниот оглас во прилог, можат да се достават и електронски на следната e-mail адреса:
**javenoglaspfv@mod.gov.mk**



За сите информации следете нè на:
**www.mod.gov.mk**
Министерство за одбрана/Defence MKD
@Defence_MKD
Министерство за одбрана

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА**
**АРМИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Ул.„Орце Николов“ бр.116
1000 Скопје
Тел: (02) 3282535

# „JAS-39 E Gripen“

Повеќенаменскиот борбен авион „JAS-39 E Gripen“ е суперсонично летало, кое според градбата припаѓа во групата на едномоторни млазни летала, со средно поставени делта-крила и напред поставени канарди. Леталото припаѓа на 4-тата генерација борбени авиони, а современата и јака аеродинамичка градба, вештачката стабилност и електронските команди овозможуваат конструкцијата на „JAS-39 E“ да изведува воздушни маневри од -3 до +9 Г. Иако визуелно на прв поглед неможат да се забележат разлики со претходните серии „JAS-39 A/B“ и „JAS-39 C/D“, најновите верзии „JAS-39 E/D“ поседуваат повеќе измени. Односно направено е репроектирање на трупот кој е продолжен, изменет е централниот дел од трупот и крилата, стојниот трап е прелоциран од централниот дел на трупот во нови профилирани куќишта (пред спојот меѓу трупот и крилата), што допринело за зголемување на внатрешните резервоари за гориво за 38 проценти, додадени се два нови носачи за оружје, односно зголемена е корисната носивост. Вграден е нов млазен мотор „General Electic F414G“, кој е за 25 проценти помоќен од стариот мотор „GE F404“, кој на новата верзија ѝ овозможува суперкрстосување (без вклучена форсажа). Добрата аеродинамика и моќниот мотор на леталото му овозможуваат да полета на минимална должина од 500 m, додека за слетување му е потребна должина од 600 m, а производителот тврди дека за безбедно полетување/ слетување потребна му се само писта или пат со должина од 800 m и широчина од 16 m. Внатрешно е вградена нова посовремена и помоќна електронска опрема која значително му ги подобрува можностите на леталото во откривање на цели, дејствување врз нив во сите временски услови и подобра одбрана. Во носот на леталото е вграден новиот AESA-радар „Selex ES-05 Raven“, а пред кокпитот е вграден пасивниот оптички ИЦ-систем за откривање и следење на цели Skyward-G IRST (без активирање на радарот). Кокпитот е опремен со широкоаголен нишански систем за пилотот, еден голем широкоаголен повеќенамески колор дисплеј WAD 2 со димензии 19x8 in, плус под него од страните има уште по еден помал дисплеј, HOTAS електронски комади за управување со леталото, современа нишанска кацига за пилотот Targo HMDS, напреден систем за ноќно гледање JHMCS II и друго. Од опрема за комуникација е вграден кодиран систем за комуникација „Havequick/ Saturn“ (со прескокнувачка фреквенција), сателитска комуникација, вклучително и link 16, со цел покривање на широка зона од C2 (Command and Control) и со Rover data link за поврзување со воздушната контрола и здружените копнени единици на терен. Леталото е опремено и со IFF-систем за препознавање свој/туѓ (летало), кој е составен од Mk XIIA-транспондер и потсистемот „Active E Scan interrogator“. За заштита леталото е опремено со мултифункционален напреден систем за електронско војување составен од сензор за радарска озраченост, систем за детекција на напад од противавионска ракета со сензорот „Eliska PAWS-2“, систем за електронски контрамерки, диспензери на мамки BOL-739 и BOP-G и друго. Исто така, како дополна леталото може да понесе подвесен контејнер за електронско војување/ попречување EAJP (Electronic Attack Jammer Pod), плус тактички воздушен ракетен мамец за електронско попречување LARM.

Од вградено оружје „JAS-39 E“ е опремен со автоматскиот топ „Mauser BK27“, со калибар од 27 mm (со 120 гранати), додека двоседната верзија J„AS-39 F“ не поседува топ. На 10-те носачи авионот може да понесе цела палета наведувани и ненаведувани оружја, извидувачки подвесни контејнери, подвесни контејнери за наведување на оружја и подвесни резервоари за гориво. Од противавионски ракети леталото ги користи ИЦ-наведуваните „IRIS-T“ и „AIM-9 Sidewinder“, а од радарски наведувана ја користи ракетата со голем дострел „MBDA Meteor“. За дејство по бродови ја користи ракетата Rbs.15F, а како крстосувачки ракети ја користи Taurus KEPD.350. Од наведувани бомби леталото може да ги користи ласерски наведуваните „GBU-10“, „GBU-12“, „GBU-16“, „GBU-49“, која поседува GPS и ласерско наведување, бомбата со мал дијаметар „GBU-39 SDB“, која поседува различни глави за наведување, додека од ненаведувани бомби може да ги користи „Mk82“, „Mk83“, „Mk84“ и друго ракетно ненаведувано оружје. Од подвесни контејнери леталото ќе ги користи ALQ-TLS наменет за електронски контрамерки, тактичките извидувачки контејнери RecceLite и Thales Digital Joint Reconnaissance Pod, нишанскиот контејнер Litening G III и друго. Корисници на новата верзија се военото воздухопловство на Шведска (60 летала) и Бразил (36 летала).

Ивица Дамески




1. Питот-цевка
2. Радом
3. „Skyward-G IRST“ (пасивен оптички ИЦ-систем за откривање и следење)
4. Предно ветробранско стакло од кокпитот
5. Широкоаголен нишански HUD
6. Поклопец на кокпитот
7. Катапулт седиште Mk10 0-0
8. Носач на подвесна електронска опрема поставен на долниот дел од трупот
9. Вовлекувачки приклучок за дополнување со гориво во лет
10. VHF-антена
11. Внатрешни резервоари за гориво
12. Питот-цевка на вертикалниот стабилизатор
13. ILS-антена
14. Куќиште на опремата за електронско војување во вертикалниот стабилизатор






15. VHF/ UHF антена
16. Кормило на вертикалниот стабилизатор
17. Млазен мотор GE F414G
18. Воздушна кочница
19. Помошен погон
20. Внатрешен елерон
21. Структура од крилото
22. Надворешен елерон
23. Носач на оружје на крајот од крилото
24. Предкрилце (флапс)
25. Носач за оружје под крилото
26. Заден стоен трап
27. Носачи за оружје под трупот
28. Канард
29. Автоматски топ „Mauser BK27“ со калибар од 27 mm (со 120 гранати)
30. Навигациско светло
31. Вшмукувач за воздух
32. Преден стоен трап
33. Радар „Selex ES-05 Raven AESA“

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „JAS-39 E GRIPEN“ (ЕДНОСЕД) | |
|---|---|
| ДОЛЖИНА | 15,2 m |
| ВИСОЧИНА | 4,5 m |
| ОПСЕГ НА КРИЛАТА | 8,6 m |
| ПОВРШИНА НА КРИЛАТА | 30 $m^2$ |
| ТЕЖИНА ПРАЗЕН | 7,6 тони |
| МАКСИМАЛНА ТЕЖИНА НА ПОЛЕТУВАЊЕ | 16,5 тони |
| КАПАЦИТЕТ НА ВНАТРЕШНО ГОРИВО | 3,4 тони |
| ДОЛЕТ | 4.000 km |
| ПОГОН | 1 турбомлазен мотор „GE F414G“, со потисок од 61.8 kN и максимален потисок со форсажа од 98 kN |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА | 2 маха |
| СУПЕРКРСТОСУВАЧКА БРЗИНА (БЕЗ ФОРСАЖА) | 1.2 маха |
| БОЕВ ТОВАР | 6 тони |
| ПЛАФОН | 16.000 m |
| Г-ОПТОВАРУВАЊЕ НА КОНСТРУКЦИЈАТА | од -3 до +9 Г |



# Извидувачки авион „Lockheed SR-71 Blackbird“

Авионот „Lockheed SR-71 „Blackbird“ продолжува да го држи официјалниот светски рекорд што го поставил во 1976 година за најбрз воздухоплов со екипаж, кој претходно го држел неговиот претходник „Lockheed YF-12“. Со него управувале воздухопловните сили на Соединетите Американски Држави (USAF) и НАСА. Воздухопловот „SR-71“ бил обоен во темно сина, речиси црна боја, за да се зголеми емисијата на внатрешната топлина и да делува како камуфлажа против ноќното небо. Темната боја довела до прекарот на авионот „Blackbird“. Развојот на авионите, т.н. „црни птици“, бил проект од Студената војна. За време на кампањата во САД во 1964 година, републиканскиот претседателски кандидат постојано го критикувал претседателот Lyndon B. Johnson и неговата администрација за заостанување во развојот на ново оружје зад Советскиот Сојуз. Иновативните концепти на авионот биле развиени од американската воздушна компанија „Lockheed Corporation“ во текот на 1960-тите, како проект од извидувачкиот авион „Lockheed A-12“. Но, новиот модел бил подолг и потежок, што овозможува да собере повеќе гориво и да има кокпит со две седишта. Во еден момент се разгледувала варијанта за негов дизајн во улога на бомбардер, пред програмата да биде фокусирана само на извидување. Опремата за извидувачка мисија вклучувала сет од сензори за разузнавање и прием на сигнали, радар и фотоапарат. Ознаката „SR-71“ се припишува на напорите за лобирање на началникот на Генералштабот на Воено воздухопловство на САД, генерал Curtis LeMay, и истата се однесувала на стратешко извидување.

Авионот бил воведен во оперативна употреба во јануари 1966 година, со својот прв оперативен лет во 1968 година. Биле изградени вкупно 32 авиони, од кои 12 се изгубени во несреќи, а ниту еден не бил изгубен од страна на непријателот (од ракета земја-воздух / SAM). Во текот на 1988 година, Военото воздухопловство на САД ги повлекува „SR-71“, главно од политички причини. Од нив неколку биле накратко реактивирани во текот на 1990-тите години, пред нивното второ и конечно излегување од употреба во 1998 година. НАСА е последниот оператор на овој авион, бидејќи овие модели престанале да се употребуваат во 1999 година.

## Дизајн и оперативна употреба

Претходниот извидувачки авион на „Lockheed“ бил релативно бавниот „U-2“ авион, дизајниран за потребите на Централната разузнавачка агенција (ЦИА). Кон крајот на 1957 година, ЦИА побарала од одбранбениот изведувач „Lockheed“ да изгради незабележлив шпионски авион. Овој разузнавачки авион, често нарекуван „Dragon Lady“, во тоа време бил главен извор на тајни разузнавачки информации за Советскиот Сојуз, со кој биле фотографирани околу 15% од територијата на СССР. Проектот бил наречен „Archangel“ и започнал во текот на 1958 година, со поставени две цели - да лета повисоко и побрзо. По

состанокот со ЦИА во март 1959 година, дизајнот бил изменет со цел да има 90% намалување на радарскиот одраз. Минимизирањето на радарскиот одраз претставува обид за стелт-дизајн во тоа време. Повикувајќи се на раните студии во технологијата на радарски стелт, испитувањата покажале дека формата со заострени страни ќе го рефлектира радарскиот зрак, а специјални материјали за апсорпција ќе бидат вградени во делови од конструкцијата во облик на пила. Авионот „SR-71" имал шилести и пар остри рабови што водат наназад од двете страни на носот долж трупот. Во тоа време било признато дека советската радарска технологија напредувала побрзо од стелт-технологијата употребена против неа.
За време на воздушните извидувачки мисии, „Lockheed SR-71" оперирал со големи брзини и на екстремно големи височини од околу 26.000 метри. Овие параметри биле доволни за да се надминат заканите. Имено, доколку било откриено лансирање на проектил „земја-воздух", стандардната акција за избегнување била едноставно забрзување и надминување на проектилот со големата брзина. До моментот кога ПВО-системите можеле да го следат авионот „SR-71", често било предоцна да се лансира SAM, а тој бил надвор од опсегот пред SAM да го достигне. Авионот бил побрз и од најбрзиот пресретнувач на Советскиот Сојуз, авионот „Mikoyan-Gurevich MiG-25", кој исто така не можел да ја достигне висината на „SR-71".
Во просек секој авион „SR-71" можел да лета еднаш неделно поради потребата од одржување, сервисирање и закрепнување после мисијата. Многу често, авионот се враќал без одредени делови, со расложени панели или други скршени елементи како што се доводите кои бараат поправка или замена. Имало случаи кога авионот не бил подготвен повторно да лета еден месец поради потребните поправки. Во просек, биле потребни 19 часа за да се подготви воздухопловот за полетување и оперативна употреба.
За да биде избран во програмата, „SR-71", пилотот или навигаторот морале да бидат офицери на военото воздухопловство со врвен квалитет. Со цел да се растовари пилотот, екипажот од двајца во тандем пилотска кабина го сочинувал и офицерот за извидувачки системи кој управувал со системите и опремата за надзор од задната пилотска кабина и ја насочувал навигацијата на патека на летот за тековната мисија. Екипажот не можел да користи стандардни маски затоа што не можеле да обезбедат доволно кислород за висина над 13.000 метри. Специјализирани заштитни одела под притисок биле произведени за членовите на екипажот. На кабината и требало ефикасен систем за ладење, бидејќи крстарењето со брзина од 3,2 маха ќе ја загрее надворешната површина на авионот повеќе од 300°C, а внатрешноста на ветробранското стакло до 120°C. Високите температури генерирани при летот барале посебни техники на дизајнирање и работа. Внатрешните делови на крилата биле брановидни, не мазни. Топлината би предизвикала расцепување или виткање на мазните делови, додека брановидните би можеле да се прошират вертикално и хоризонтално, со зголемена надолжна јачина.
Авионот барал полнење со гориво во текот на летот и за време на долготрајните мисии. Суперсоничните летови обично траеле не повеќе од 90 минути пред пилотот да мора да надополни гориво. Одделот за развој на електроника на компанијата „Northrop Corporation" развила систем за астроинерцијално водење кој можел да ги коригира грешките на инерцијалниот навигациски систем со небесни набљудувања. Дигиталниот компјутерски систем содржел податоци за списокот на ѕвезди што се користат за небесна навигација (списокот првично вклучувал 56 ѕвезди, а подоцна бил проширен на 61ѕвезда). Генерално, кај повеќето авиони, употребата на титаниум била ограничена, и истиот се користел само во компоненти изложени на највисоки температури, како што се издувните облоги и предните рабови на крилата. Во конкретниот случај, кај „SR-71", титаниум се користел за 92 % од структурата, со голем дел на полимерни композитни материјали. Во тоа време, титаниумот како материјал бил во недостиг во САД, па тимот бил принуден да го бара металот на друго место. За да го изградат „SR-71", голем дел од потребниот материјал бил набавен токму од Советскиот Сојуз преку земјите од „Третиот свет" и преку лажни операции.

Драган Павловски



Авионот „Lockheed SR-71 „Blackbird" е стратешки извидувачки авион со извонреден долет, наменет за летови на голема надморска височина и со брзина од 3+ мах



# „Kaplan MT" - современ тенк со средна тежина




„Каплан МТ" или „Харимау" е современ тенк со средна тежина, што заеднички го развиваат турската компанија „FNSS Savunma Sistemleri AS" со седиште во Анкара, Турција, и индонезиското државно претпријатие „PT Pindad"

Тенкот „Каплан МТ" е официјално класифициран како модерен тенк со средна тежина (MMWT). Тенкот се нарекува Каплан МТ во Турција, додека во Индонезија е познат како Харимау. Значењето на Каплан и Харимау е Тигар. Тој е дизајниран да нуди висока смртоносност во комбинација со супериорна тактичка мобилност. Првиот прототип на тенкот „Каплан МТ" беше изложен за време на 13. меѓународен саем за одбранбена индустрија (International Defence Industry Fair -IDEF) 2017 година што се одржа во Истанбул. Тенкот го имаше своето јавно присуство и во Индонезија за време на воената парада на Денот на националните вооружени сили во октомври истата година. Беше потпишано писмо за намери (LOI - letter of intent) помеѓу индонезиското Министерство за одбрана (МО) и „PT Pindad" за купување на 20 тенкови „Каплан МТ", во вредност од 135 милиони американски долари, во април 2019 година. Компаниите „FNSS и „PT Pindad" потпишаа долгорочен договор за сериско производство на 18 тенкови „Каплан МТ" за индонезиските копнени сили во мај 2019 година.

Дизајн и карактеристики на тенкот „Каплан МТ"

Распоредот на тенкот „Каплан МТ" наликува на стандарден главен борбен тенк (MBT) со позицијата на возачот во центарот на предниот труп, куполата во средината, додека екипажот и напојувањето на задниот дел од трупот. Внатрешноста е дизајнирана со голем акцент на ергономијата на екипажот и различните тактички услови и условите на бојното поле, како што се возење, пукање и полнење/празнење на муниција. Позицијата на возачот нуди зголемено видно поле и удобен пристап до контролната табла и инструментите за возење. Екипажот влегува/излегува од возилото преку едноделните капаци на отворот поставени на покривот на трупот. На нишанџијата и командирот им се обезбедени дневно/ноќни системи за набљудување, додека на



позицијата на командирот на тенкот е инсталиран панорамски поглед. Тенкот „Каплан МТ“ е опремен и со систем за управување со бојното поле (BMS), безжичен ИНТЕРКОМ систем за екипажот, систем за навигација, дневни и термални камери, систем за нишанење со високи перформанси од трета генерација и систем за автоматско гасење пожар. Тенкот е опремен со купола CMI Cockerill 3105, на која е монтиран топ под висок притисок Cockerill 105 mm. Лесниот топ има напреден автоматски полнач за да испорача брза огнена моќ. Топот од 105 мм може да испука муниција од 105 мм според НАТО стандардот и може да совладува цели на максимално растојание од 10км. Секундарното вооружување вклучува коаксијален митралез од 7,62 мм, поставен на левата страна од главниот топ.

Тенкот со средна тежина „Каплан MMWT“ обезбедува балистичка заштита од Ниво 4 согласно STANAG 4569, при што го штити екипажот од оклопни проектили од 14,5 мм и делови од гранати од 155 мм. Може да издржи експлозија од 10 килограми ТНТ под гасениците и дното на трупот. На претходно подготвени шарки на тенкот може да се постави дополнителен оклоп за да се зголеми заштитата на ниво 5 според STANAG 4569 со цел тенкот да нема оштетување од 25 мм оклопно пробојни куршуми (APDS-T armour piercing discarding sabot-tracer). Тенкот е опремен и со фрлачи на димни гранати, систем за хемиска, биолошка, радиолошка и нуклеарна заштита (CBRN) и систем за ласерско предупредување за зголемена способност за преживување од непријателски закани. Дополнително, тенкот е опремен со систем за активна заштита на ASELSAN PULAT кој се состои од модули со радар за откривање закани и проектил за противмерка. Модулите обезбедуваат сеопфатна заштита на возилото.

Возилото го придвижува дизел мотор од новата генерација поврзан со целосно автоматски електронско контролирана трансмисија. Соодносот силат - тежина му е 20hp/t, врз основа на конфигурацијата на системот за заштита. Со гориво се снабдува од два посебни резервоари за гориво. Напојувањето е опремено со пакет за ладење кој интегрира интелигентен софтверски контролиран хидрауличен вентилатор за подобрен вртежен момент и економичност на горивото. Помошната единица за напојување на тенкот ќе овозможи работа на



| СПЕЦИФИКАЦИИТЕ НА ОВОЈ СРЕДЕН ТЕНК СЕ: | |
|---|---|
| ДОЛЖИНА | 7 метри |
| ШИРОЧИНА | 3,2 метри |
| ВИСИНА | 2,7 метри |
| МАКСИМАЛНА БОРБЕНА ТЕЖИНА | 32-35 тони |
| БАЛИСТИЧКА ЗАШТИТА | STANAG 4569, модулрен систем |
| ПРОТИВМИНСКА ЗАШТИТА | STANAG 4569 (тестиран и докажан) |
| ВООРУЖУВАЊЕ | топ 105 мм CMI Cockerill® 3105, впрегнат митралез 7,62 мм и митралез 12,7 мм на куполата |
| ПОГОН | Diesel мотор нова генерација |
| ТРАНСМИСИЈА | целосно автоматска, 4 forward 2 reverse |
| ПОСАДА | 3 (возач, командир нишанџија) |
| АВТОНОМИЈА НА ОПСЕГ | 450 km (300 mi) |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА НА ПАТ | 70 km/h |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА НАКЛОН | од 60% |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА СТРАНИЧЕН НАКЛОН | 30% |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА ВЕРТИКАЛНА ПРЕПРЕКА | 0.9 м |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА РОВ | 2,2 м |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА ВОДЕНА ПРЕПРЕКА | 1,2 м |

куполата без потреба од напојување од моторот. Напредниот систем за следење на батеријата дополнително овозможува оптимално управување со енергијата. Системот за суспензија против удари на KAPLAN MT располага со торзиони шипки со двојни закачени гасеници кои нудат голема мобилност и во урбани средини и во услови надвор од патот, по разни видови на терен. Секоја страна на гасениците вклучува шест двојни гумени патни тркала со запчаник за погон нанапред, празен од (мрзливец) и повратни ролери. Возилото може да работи на екстремни температури кои се движат помеѓу -32°C и +55°C. Тенкот има максимална брзина на патот од 70 km/h и минимален оперативен опсег од 450 km. Може да совладува наклони од 60% и странични наклони од 30%. Може да се премине преку вертикална пречка од 0,9 метри и ров од 2 метри. Може да совлада водена препрека до длабочина од 1,2 m без претходна подготовка.

Оператор на КАПЛАН МТ во моментот е само Индонезија, додека заинтересирани земји за набавка на овие тенкови се Брунеи, Гана, Бангладеш и Филипини.

Идриз Идризоски




# „Heinkel He-219“ – ефективен ноќен ловец

За време на Втората светска војна се случиле многу иновации на полето на технологијата. Не е тајна дека нацистичка Германија била лидер во технолошкиот напредок. Покрај познатите лоши и злобни политики на Адолф Хитлер, Германија била пионер, визионер и двигател во повеќе области. Со постојаните ноќни напади врз германската окупирана територија од страна на Кралското воено воздухопловство, дошла и неопходната потреба од ефективен ноќен ловец. „Heinkel He-219" претставувал ноќен ловец кој со својата појава започнал технолошка револуција во воздухопловната индустрија. Германското воено воздухопловство било запознаено со концептот на употреба на ловци во ноќни временски услови, но со употреба на примитивни системи. Тие системи биле променети со појавата на таканаречениот „був" ( „Heinkel He 219"). До пред појавата на овој воздухоплов, ноќните ескадрили на ловци биле претежно составени од авионите „Bf – 110", „Ju – 88" и „Fw – 190". Со појавата на „He-219" се создала надеж за успех во одвраќањето на секојдневните британски ноќни напади. Единствен проблем бил недоволната квантитативна бројка на произведени „He-219".

## Дизајн

Етикетиран како најдобриот германски ноќен ловец за време на Втората светска војна, „He-219" претставувал креација на која сојузниците ѝ завидувале. Од сите сојузнички ловци, можеби најблиску до концептот и капацитетот на „He-219" бил американскиот ловец „P-61 Black Widow". Овој ловец бил изграден со намера да има улога на ноќен ловец, но постоеле многу дискутабилни сегменти во споредбата со „He-219". Едноставно, германската иновативност и концентрација во изградбата на „бувот" била неприкосновена. Почетоците на овој прекрасен воздухоплов биле во идеите и нацртите на Ернст Хенкел во летото 1940 година. На почеток германското Министерство за воздухопловство ги одбило сите предлози за овој авион, бидејќи сметало дека нацртите и идеите се премногу радикални. Можеби ова се случило бидејќи Ернст Хенкел имал непријатели во Министерството. Но, до доцната 1941 година, ноќните британски бомбардерски напади се интензивирале и веќе постоечките ноќни ловци „Ju-88" и „Bf-110" не можеле да се справат со предизвикот на отстранување на опасноста. По ургенција на генерал-полковник Џозеф Камхубер (командант на ноќните ловци), германското Министерство за воздухопловство упатило барање до Хенкел за призводство на „He-219". Ова барање значело производство на авионот, конкретно за ноќна употреба со спецификации за употреба на воздухопловен радар. Германското воздухопловство прв пат успешно го употребило концептот на користење на радар во ноќни услови во раната 1942 година. Меѓутоа, радарскиот систем бил монтиран на авионот „Ju-88", кој бил значително побавен (за 40 километри на час), како резултат од големите радарски антени лоцирани на носот од авионот. Ова претставувало уште една причина за развој и употреба на „He-219". „He-219" бил со екстремно високи маневарски способности за разлика од тогашните ловци кои биле во употреба за ноќни операции. Неговата максимална брзина исто така била многу повисока од остатаните ноќни ловци, додека вооружувањето било составено од тежок асортиман на топови. „He-219" претставувал единствениот ловец, придвижуван од клипен мотор кој можел да ги достигне и да ги надмине перформансите на британскиот „De Havilland Mosquito". Имено, „Mosquito" не бил конкретно изграден за изведба на ноќни операции но неговите перформаси и спектар на употреба, придонеле до негова употреба во ноќни временски услови. Дизајнот на „He-219" можеби и наликува на птицата „був". Иновативните карактеристики претставувале неконвенционално поместување на пилотската кабина на самиот врв на носниот предел од воздушната конструкција. Ова овозможувало огромна прегледност и комфорт за неопходните функции кои пилотот треба да ги извршува ноќе. „He-219" е и првиот германски авион за време на Втората светска војна, кој имал три тркала, односно предно тркало лоцирано под пилотската кабина и две тркала лоцирани под крилата на авионот. Можеби најинтересниот иновативен сегмент бил во пределот на пилотското седиште. „He-219" бил првиот авион кој бил опремен со пилотски седишта со способност на катапултирање на пилотот во случај на потреба. Седиштето било катапултирано со помош на експлозивни направи кои ја исфрлале пилотската кабина прво па потоа седиштето. Ова можеби во денешни услови не претставува некое достигнување, баш напротив, нормално е во современите ловци пилотските седишта да бидат способни за итно катапултирање. Но, она што е фасцинанто е, дека почетоците на оваа технологија се токму во авионот „He-219". Исто така, овој авион претставува првиот германски авион со тркало лоцирано во носниот дел од воздушната



конструкција кое овозможувало контрола и усмерување од страна на пилотот. Меѓу иновативните сегменти се наоѓал и системот за управување на двата топови кои биле лоцирани во грбниот дел од воздушната конструкција и биле електрично управувани. Тие биле вградени под фиксен агол од 65 степени, насочени нагоре, и наведената конфигурација била именувана „џез музика". Овие топови биле од голем калибар и со себе носеле експлозивна муниција. Причината за поставеноста и аголот на топовите била уништување на тешките британски бомбардери одоздола. Тоа значело дека по детекција следела локација на целта (бомбардерот), по што „Не-219" прелетувал директно под бомбардерот, активирајќи ги двата 30-милиметарски топови. Доволни биле само 3 парчиња експлозивна муниција да ја погодат целта, односно да соброат еден тежок британски бомбардер од типот „Lancaster". Овој метод бил исклучително опасен, но многу ефикасен доколку се постигнела саканата намера. Ефективноста на „Не-219" била забележана уште од неговиот прв оперативен лет. Во април 1943 година, ноќта помеѓу 11-ти и 12-ти јуни, мајорот Вернер Стреиб и ннеговиот радиооператор уништиле пет британски бомбардери (четири бомбардери „Halifax" и еден бомбардер „Lancaster"). Пронаоѓањето на целите во ноќни услови се изведувало со помош на радиорадарската опрема „FuG 212 Lichensteing C-1". Пресретнувачкиот радар за прв пат бил употребен во 1942 година. Неговиот оптимален радиус бил помеѓу 4 и 6 километри. Насоката на опфаќање била конусна, под агол од 70 степени. Авионот имал најголем ефект кога бил дел од интегрираната противавионската одбрана, односно во соработка со радарите и радиоврските кои биле лоцирани на копното. Оваа соработка била толку многу успешна што Британците употребувале различни тактики, меѓу кои испуштање на рефлективни метални парчиња фолија, со цел да се попречат радарските бранови и радио врски. Британците имале делумен успех во наведената тактика, бидејќи таа била ефикасна против радарот „Lichtenstein C-1", кој бил дел од „Не-219". Но, тоа траело кратко, бидејќи Германците го развиле долгобрановиот радар „Telefunken FuG 22- Lichtenstein SN-2", кој немал пречки од британските метални фолии. Призводството на „Не-219" било највисоко во 1944 година. Ефикасноста на „Не-219" можеме да ја согледаме во процентуалната разлика на загуби на британското воздухопловство. Вкупните загуби на бомбардери на британското краско воздухопловство во 1943 година биле 3,6 проценти. До месец март 1944 година тој процент се искачил на 12 проценти. Тоа било повисоко дури и од загубите на Американците кои спроведувале бомбардерски операции во дневни временски услови. На 30 март 1944 година, германските ноќни ловци собориле дури 94 британски бомбардери. Ноќта помеѓу 2 и 3 ноември 1944 година, еден „Не-219" соборил дури шест бомбардери во период од 12 минути. Сите овие податоци укажуваат на ефикасноста на овој ноќен ловец. Единствениот достоен противник но ноќното небо бил авионот „Mosquito". За справување со овој британски воздухоплов, „Не – 219" бил модифициран на терен со отстранување на дел од вооружувањето, со цел да се добие на брзина. Меѓутоа, главниот проблем на „Не-219" бил во неговиот квалитет. Било потребно многу време за негова изработка која, исто така, била многу софистицирана и комплексна. Затоа бројките на произведени и оперативни „Не-219" авиони се многу ниски, односно 268 воздухоплови. Овие бројки биле ниски, од причини за кои е направен авионот. Во март и во април 1943 година, речиси сите нацрти за изградба на „Не-219" биле уништени, како последица на британското бомбардирање. Поради ниските бројки на произведни авиони, фабричката верзија од авионот имала и упатство како да се склопи авионот од резервни делови, односно од други нефункционални авиони со добри делови. „Не-219" претставувал база за идните воздухопловни дизајнери. Тој бил редок пример на софистицирано паметно инженерство.

| ГЛАВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „HEINKEL HE-219 A-7" | |
|---|---|
| ЕКИПАЖ | 2 |
| ДОЛЖИНА | 15,33 метри |
| РАСПОН НА КРИЛАТА | 18,50 метри |
| ВИСИНА | 4,1 метри |
| МОТОР | Два мотори „Daimler – Benz 603 E" со 12 цилиндри. Моторното ладење било со помош на течност. Еден мотор развивал 1775 коњски сили. |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА | 670 километри на час |
| ОПСЕГ НА ОПЕРАТИВНО ЛЕТАЊЕ | 1545 километри |
| МАКСИМАЛНА ВИСИНА НА ЛЕТАЊЕ | 12700 метри |
| ВООРУЖУВАЊЕ | Два топа „MG 151/20" со калибар од 20 милиметри, лоцирани во гондола под централната воздушна конструкција. Двата топови биле снабдени со 300 парчиња муниција.<br><br>Два топа „MG 151/20" со калибар од 20 милиметри, лоцирани во коренот на крилата. Двата топа биле снабдени со 300 парчиња муниција.<br><br>Два топа „MK 108" со калибар од 30 милиметри лоцирани во грбниот дел, поставени под агол од 65 степени. Двата топа биле снабдени со 100 парчиња муниција. |

## Варијанти

**„Не-219 А-0"**

Оваа варијанта била наменета како верзија за предпроизводство, но станала првата главна варијанта која влегла во масовно производство. Овој модел бил придвижуван од два мотори, „Daimler – Benz 603 A", кои развивале 1720 коњски сили. Биле произведени 103 „Не-219 А-0".

**„Не-219 А-1"**

Предложена варијанта со функција на извиднички воздухоплов. Проектот бил напуштен.

**„Не-219 А-2"**

Главните карактеристики на оваа варијанта биле продолжените моторни гондоли, со цел да се направи простор за поголем капацитет на гориво. Овој модел бил придвижуван од моторите „Daimler – Benz 603 AA", кои развивале 1650 коњски сили. Биле произведени 85 примероци на „Не-219 А-2".

**„Не-219 А-5"**

Оваа варијанта била планирана за пероснонал од тројца. Познато е дека само неколку прототипови биле изградено врз воздушната конструкција од варијантата „Не-219 А-2".

**„Не-219 А-6"**

Варијанта позната како „ловец на москито", наменета за лов на британскиот ловец. Овој модел бил верзија на „А-2" варијантата, но со намалено вооружување, односно само четири топови „MG 151/20", со калибар од 20 милиметри.

**„Не-219 А-7"**

Дефинитивната варијанта на ноќен ловец. Оваа варијанта била опремена со мотор „Daimler – Benz 603 E", кој развивал 1775 коњски сили. Биле произведени 210 примероци на „Не-219 А-7".

**„Не-219 D-1"**

Оваа варијанта е карактеристична по користењето на воздушната конструкција на моделот „А-7", но со намена за вградување на мотори „Jumo 213E". Познато е дека биле направени само 5 примероци.

Димитар Даневски





# Каки – оригиналната воена маскирна боја

Коренот на зборот „каки“ е индискиот збор „земја“ или „прашина“. Лесната каки униформа ги направила британските војници „невидливи во земјата на прашината“. Таа, прво била прифатена од страна на британската армија, а потоа и од повеќето армии во светот како одговор на воената технологија, бидејќи на маскираните војници во каки им давала тактичка предност. Иако веќе подолго време не се користи како маскирна боја, таа и денес има свое место кај многу нации, пред сè кај облеката за излегување и престој во природа и како дел од заедничката историја на воените униформи. Современото воено маскирање напредувало со употребата на високата технологија, при што денес „дигиталната маскирна“ е претпочитана колорна шема за борбените воени униформи. Таа користи таканаречени пиксели, мали микрообрасци наспроти големите дамки кои можат полесно да се забележат со голо око, што претставува значителен напредок. Во Англија, ловочуварите и ловџиите најпрво прилагодувале и користеле облека во различни бои за да се сокријат од животните и ловокрадците.

Каки е боја! Не е униформа ниту ткаенина, туку едноставно боја и за неа може да се каже дека токму таа е оригиналната воена маскирна боја. Иако честопати се поврзува за бруталните, колонијални војни, има нешто суштинско во врска со оваа најсуптилна маскирна боја

До времето на Наполеонските војни, британските пешадиски единици биле облечени во зелени палта, наспроти познатите црвени униформи во тоа време. Всушност, легендарните британски „црвени палта“ датираат уште од времето на новата армија на Оливер Кромвел и се засновале врз традиционалните бои на кралската гарда. Иако постои мит дека црвените палта биле фаворизирани затоа што не покажувале дамки од крв, тоа веројатно е чиста фикција - крвта се појавува на црвената облека како темна, дури и црна дамка. Црвената боја е боја на розата Тудор, а најраните црвени палта се носеле со бели панталони во чест на Кралската куќа. Оригиналното знаме на Унијата на Обединетото Кралство исто така било црвено-бело. Како што се ширела Британската Империја, бргу станало очигледно дека црвените волнени палта не се соодветни за тропската клима. А сепак, долго време, армиските единици кои служеле во Индија ги задржале своите црвени униформи. Во 1848 г., бил формиран британско-индиски извиднички корпус за гранична служба во Пешавар, близу авганистанската граница во Пакистан. Овие единици носеле униформа базирана на индиската традиционална облека, наместо на црвените палта на британската армија. Таа се состоела од туника во боја на прашина и бели широки панталони. Подоцна, за добивање ефект на маскирање, ткаенината била боена со сок од црница, давајќи ѝ валкана жолтеникава боја која најмногу одговарала на локалното тло и била именувана според бојата на почвата со персискиот збор каки, што значи прашина.
Каки била усвоена од другите британско-индиски полкови за време на индиската побуна во 1857 г., но тоа до 1868 г. било прекинато. Она што ги поттикнало

Британците накратко да ја напуштат каки бојата, не е целосно јасно, но една теорија тврди дека бојата не била конзистентна. Всушност, со текот на годините биле направени бројни обиди за каки боја која е конзистентна и нема да избледи. Овие обиди не успевале, со тоа што униформите значително се разликувале по бојата по само неколку недели или месеци. И додека каки униформите се вратиле во Индија, британските војници кои служеле во Зулу војната (1879), Првата Англо-бурска војна (1882) и Првата кампања во Судан (1882) ги задржале своите црвени униформи. Сепак, до крајот на 19 век црвените палта насекаде биле заменети со каки.
Вообичаено било војниците да ги бојосуваат своите бели униформи и шлемовите за да ја разбијат белата боја и да обезбедат некаква камуфлажа. За ова користеле кал, чај, кафе, сок од тутун, па дури и прав од кари. Проблемот бил решен кога била патентирана боја со брзо дејство, онаа што произведувала постојана жолтеникаво-кафеава боја што можела да се задржи подолг период. Во тој период, тоа било ткаенина за вежбовни униформи во сивкаста боја, но кога британската армија ја усвоила за време на Втората бурска војна од 1899-1902 г., таа станала светло жолтеникаво-кафеава боја за тропски униформи низ двете светски војни до денешен ден. Бојата еволуирала од бојата на прашината и станала потемно кафеава. Во 1924 г., формално била воведена новата нијанса која била малку позелена. Британската армија усвоила ткаенина во каки-серж боја за нејзината службена униформа во 1902 г. и за борбената униформа во 1939-1962 г.. Каки-серџот била многу потешка ткаенина од каки-вежбовната и била наменета за борби во зима во северозападна Европа. Таа била со потемно зеленикаво-кафеава боја, а количината на зелена боја зависела од традицијата на полкот. Употребата на каки не била ограничена само на британската армија. До крајот на 19 век, повеќето нации во Европа со колонии во странство започнале да користат тропски униформи со слична боја. Во многу случаи, офицерите и подофицерите биле облечени во униформи во европски стил, додека колонијалните трупи носеле каки боја. Многу од овие бои никогаш не биле официјално сметани за каки, но боите биле исклучително блиски на неа. Француската легија на странци и француската морнаричка пешадија биле опремени со униформи во боја на човечка кожа до кафеава боја. За време на меѓувоениот период, бојата била осветлена и официјално станала позната како каки, за во повоената ера да биде заменета со маслинеста униформа. И Шпанците, Португалците и Италијанците носеле слична боја во доцните борби за колониите во Африка и во текот на Втората светска војна. И



Германија имала свој став за каки, иако релативно касно ја имплеменирале. За употреба во Европа, германската армија усвоила сива униформа што се покажала како несоодветна во Африка, па се свртеле кон униформите базирани на бојата на кожата. Германците доцнеле со употребата на каки, главно затоа што не војувале во странство сè до 1880-тите. Првата употреба на каки била во 1889 г. во Источна Африка, која со регулативите била означувана како каки кафеава вежбовна униформа. Германците во суштина ја копирале британската боја. Употребата на каки се проширила на сите германски колонии и воени места, вклучувајќи ги и оние на Пацификот, Африка и Кина, а се користела и на Балканот и во Палестина за време на Првата светска војна. За време на Втората светска војна, каки се користела на европското боиште и од Британците и Германците, а во Источна Африка, британските, јужноафриканските, португалските и белгиските сили се соочиле против Германците во слични нијанси на каки. Како и Британците и Германците направиле многу варијации на бои и нијанси, делумно поради комплексноста на германската колонијална администрација и разните родови и служби. Германскиот африкански корпус во Втората светска војна исто така бил опремен со тропски униформи, засновани врз германските колонијални униформи користени до ноември 1918 г.. Бојата на тропските униформи M1940, била светло-маслинеста, која  еволуирала во песочно кафеава или кафеава униформа M1941, која се користела не само во Северна Африка туку и низ Медитеранот и на Балканот. Јапонската империја била облечена во нијанса на каки униформа, чие потекло е од Руско-јапонската војна (1904-1905). Јапонците ја замениле својата бела памучна летна униформа во 1904 г. со новата каки униформа M1904. Униформата се користела во текот на Првата светска војна, потоа била модифицирана и модернизирана во 1930 г., но ја задржала истата боја. Американската војска за првпат усвоила каки  за време на Шпанско-американската војна во 1898 г.. Претходно, Армијата на САД била опремена со дебели палта M1883 во сина боја. Поради фактот дека голем број на војници паѓале од истоштеност од топлина и дехидрираност, Армијата била принудена да експериментира со полесни материјали со посветла боја. САД ја прифатиле каки униформата во 1903 г. Употребата продолжила по Првата светска војна за  во тропски услови, особено од Морнарицата на САД и Маринскиот корпус. Армијата на САД користела каки теренска униформа сè до почетокот на Втората светска војна како летна службена и борбена униформа. Каки имала свое влијание врз јакната M41, пред да биде заменета со јакната во сиво-маслинеста боја M43. Маринскиот корпус ја задржал каки како службена униформа и униформа за обука. Каки униформите не можат да се сметат за класичен дизајн, но измислени за маскирање и прикривање на војниците на бојното поле, тие на многу начини ги обликуваа сеќавањата на колонијалните војни, како и на двете светски војни. Иако веќе не е практична како маскирна, каки сè уште има место кај многу армии како службена униформа и исто така како дел од заедничката историја на воените униформи. Денес, бидејќи добро се вклопува во околината и се комбинира со сè, облеката скроена во оваа боја е толку сеприсутна и лесно достапна во современиот моден свет, па може да се најде речиси во секој гардоробер.

Александар Стојчевски



# ХАУБИЦА „М-71“ 155 мм

Хаубицата „М-71“ со калибар од 155 мм и должина на цевка од 39 калибри е производ на израелската компанија „Soltam Systems“, чиј наследник денес е „Elbit Systems“.
Основата за развој на ова орудие е хаубицата „М-68“ (со цевка од 33 калибри), која веќе е докажана како доверливо орудие во сите досегашни ангажмани ширум светот.
Оваа хаубица влегува во оперативна употреба во средината на седумдесеттите години и првично се одликува со нејзината едноставност, робустност и погон на движење на две оски со четири тркала, со што се зголемува брзината и стабилноста за време на влечење при маршување. Ги користи сите видови на стандардна НАТО 155 мм муниција. Без разлика на тежината и робустноста, хаубицата се послужува со послуга од 8 члена. Во текот на досегашните ангажмани, како неборбени така и борбени, хаубицата е оценета како мошне доверлива и истрајна во сите временски и теренски услови. Цевката на „М-71“ 155 мм е моноблок цевка која сама по себе е издржлива и во услови на стрелба кои се и на границите на максимални режими на стрелба. Како земји оператори на оваа хаубица, покрај Израел, се и: Чиле, Сингапур, Тајланд, Филипини, Јужна Африка, Словенија и Мјанмар. Во различни земји, како оператори на „М-71“ може да се сретнат различни имиња за хаубицата, на пример во Јужна Африка „G-4“, а во Словенија „М-839“.
Склоповите на „М-71“ 155 мм се целосно придвижувани од хидраулични системи. Како резервна варијанта, оваа хаубица, во случај на нефункционирање на хидрауликата, поседува и паралелни контроли и механизми за рачно движење на цевката и на останатите склопови на хаубицата.

Славчо Кузманоски

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „М-71“ | |
|---|---|
| ТИП | Влечна хаубица |
| КАЛИБАР | 155mm |
| ТЕЖИНА | 9,2 t |
| ДОЛЖИНА НА ЦЕВКАТА | 6,045 m |
| ДОЛЖИНА НА ХАУБИЦАТА ВО МАРШЕВСКА ПОЛОЖБА | 7,5 m |
| ШИРИНА НА ХАУБИЦАТА ВО МАРШЕВСКА ПОЛОЖБА | 2,58 m |
| ВИСИНА | 2,115 m |
| КЛИРЕНС | 380 mm |
| ДОСТРЕЛ | - 21 km (со НАТО стандардна муниција)<br>- 23,5 km (со стандардна муниција од финскиот производител „Тампела“) |
| МАКСИМАЛЕН ДОСТРЕЛ | 28,5 km (со муниција со подобрени перформанси) |
| ПОЧЕТНА БРЗИНА НА ПРОЕКТИЛОТ | 820 m/s |
| ВЕРТИКАЛНО ПОЛЕ НА ДЕЈСТВО | -3° до 52° |
| ХОРИЗОНТАЛНО ПОЛЕ НА ДЕЈСТВО | ±37.5° од основната положба на цевката |
| РЕЖИМ НА СТРЕЛБА | 5 проектили за една минута |
| ПОСЛУГА | 8 |
| БРЗИНА НА ДВИЖЕЊЕ ВО МАРШЕВСКА ПОЛОЖБА | На асфалтен пат - До 80 km/h<br>Во теренски услови - Од 30 до 50 km/h |



# Герас Цунев

Првоборецот Герас Цунев (1914 – 1943), по војната, не бил прогласен за народен херој од страна на власта, иако тој според своето дело го заслужуваше тоа

Герас Цунев бил роден на 24 февруари 1914 год. во Струмица. Потекнувал од занаетчиско семејство, а основно и средно образование завршил во родниот град.
По отслужувањето на воениот рок во Белград се вратил повторно во Струмица. Заради непомирливоста со големосрпскиот гнев врз македонскиот народ, Герас Цунев бил во редовите на најпрогресивната младина на градот, учествувајќи во повеќе манифестации на пркос, како во градот така и низ Македонија.
Со доаѓањето на бугарската окупација во 1941 година, Герас бил истиот непокорлив и бунтовен Македонец кој не трпел туѓи ропства, па од првите денови на окупацијата бил во движењето на отпорот. Учествувал во организирањето на мрежата на отпорот во акциите на собирање оружје, муниција и други материјали кои биле неопходни за вооружена борба.
Уште во ноември 1942 година, заедно со Васил Доганџиски, Јаким Стојков и Ванчо Китанов и уште еден илегалец, биле членови на првата партизанска група од Струмичко. Тие заминале на Плачковица кај селото Козбунар, каде што требало да се соединат со групите од разбиениот Велешки одред за да се формира силна ударна партизанска група. Во тешките зимски услови биле сместени во една планинска куќа. Бугарските окупатори со време, дознале за местото и на почетокот од јануари 1943 година организирале голема акција со воено-полициски сили од Штип и од Радовиш, при што била извршено опколување на куќата каде што била сместена партизанската струмичка група. Овде започнала жестока битка. Бугарските окупатори дејствувале со митралези и со сите можни оружја, а партизаните однатре возвраќале со сè што имале од оружје. По извесно време, од борбата, изрешетан од бугарските рафали прв паднал Васил Доганџиски а по него и Јаким Стојков, кој најпрвин бил тешко ранет а набргу потоа и починал додека соборците возвраќале кон бугарските окупатори.
Герас Цунев бил погоден во плеќите но, иако ранет, дејствувал до последниот куршум, а во текот на борбата се слушале крикови и офакања и од страна на бугарските окупатори кои пукале на нив. Ванчо Китанов тргнал во пробив, но кога бил погоден паднал во еден дол,




но бугарските окупатори занесени од дејствата кон колибата и од возвратниот оган кон нив, не забележале како тој всушност се извлекол. Па, така, иако ранет, тој се довлечкал подоцна дури до градот каде го презеле на лекување лица од движењето на отпорот (во куќата на Златеви).
Храбриот Герас Цунев одговарал на бугарскиот окупаторски оган трчајќи од еден до друг прозорец, создавајќи слика дека во колибата се повеќемина, но тој крварел сè пообилно и по вториот куршум кај рамото веќе почнал да губи свест и по некое време паднал во бесознание, облиен целиот во крв.
Бугарските окупаторски власти подоцна го презеле неговото тело и го однеле во штипската болница. Таму, по преврските и враќањето на Герас во живот почнале со нови измачувања за да проговори за мрежата на движењето на отпорот.
Деновите минувале, а Герас Цунев останал нем и ништо не преговорел,не предал ниеден од неговите другари и соборци. Како последица од тешките измачувања и раните Герас Цунев починал на 21 јануари 1943 година. Сè до својата смрт тој му пркосел на бугарскиот окупатор, не изустувајќи ниту збор за движењето.
Герас Цунев загина за слободата на Македонија и на македонскиот народ.
Во негова чест, конфекцијата во Струмица со години со гордост го носи неговото име – Конфекција „Герас Цунев“ Струмица, а по него е именувано и ООУ „Герас Цунев“ во Струмичко Просениково. Нека му е вечна слава ! Хероите како Герас Цунев никогаш не умираат!

Антоанела Димитриевска

# 70 години Организација на резервни офицери на Република Северна Македонија (1952-2022)




## Почеток на организираните активности

Организацијата на резервните офицери на Република Северна Македонија, годинава одбележува значаен јубилеј – 70 години од основањето во далечната 1952 година. Веќе е формиран Одбор за одбележување на оваа значајна годишнина на чие чело е претседателот на ОРОРСМ, д-р Гоце Георгиев. Со цел да ја запознаеме пошироката јавност со позначајните елементи во функционирањето и развојот на Организацијата, во овој и во наредните броеви на „Штит“ ќе објавуваме повеќе прилози кои го отсликуваат изминатиот период, за што му изразуваме посебна благодарност на Министерстовото за одбрана

Со Програмата за одбележување на Јубилејот планирани се повеќе активности, меѓу кои и издавање на Монографија во која хронолошки ќе бидат презентирани еден дел од содржините на Организацијата, и тоа не само во делот на нејзината улога во одбранбениот систем на земјата, туку и во целината на развојот на државата и општеството.

Колку за потсетување, резервниот военостарешински кадар на Република Северна Македонија и како бројка (во првите две децении, околу 50.000) и како квалитет (луѓе со завршени воени школи и школи во граѓанството), се афирмира како неделив дел од македонското интелектуално јадро, кое е вградено во целината на создавањето и развојот и перспективите на нашата држава, Република Северна Македонија.

Почетоците на Организацијата на воените старешини на Република Македонија се втемелени во текот на Народноослободителната војна (1941-1945 г.), кога, врз основа на покажаната храброст и воените вештини, голем број македонски борци се здобиле со офицерски чинови. По завршувањето на војната, еден дел од нив се демобилизирани и се вратени во цивилниот живот во ослободената држава. Од 1945 година започнало редовното школување на резервните офицери во школите за резервни офицери. На овој начин се создадени контурите и структурата на идната асоцијација на резервните офицери. Постојаното зголемување на

бројот на резервните воени старешини по пат на системско школување во ШРО, развојот на борбените средства и военотехничката опременост, потребите за сè поширoко опфаќање на граѓаните во подготовките за одбрана, го поттикнувале создавањето посебна општествено-стручна асоцијација на резервниот старешински кадар која ќе се занимава со неговото натамошно оспособување за одбрана на земјата. Како што е познато, на 20 јуни 1948 година во Букурешт била усвоена Резолуцијата на Информбирото, по што безбедносната состојба во Југославија, нагло се влошува. Речиси преку ноќ, тогашниот Советскиот Сојуз и источноевропските земји, меѓу кои четири соседи на Југославија, станале нејзини непријатели. Против Југославија биле преземени разновидни мерки на притисок: кампања преку средствата за јавно информирање; економска блокада; трупање огромен број воени сили на границите; гранични инциденти; уфрлување диверзантски групи; врбување агенти и граѓани од разни профили и професии.
Во контекст на ваквата состојба, безбедносната димензија се наметнала како првостепена задача на државата, бидејќи објективно, бил загрозен нејзиниот суверенитет и територијален интегритет. Искусните борци - резервни офицери од штотуку завршената војна, со својата оспособеност, знаењата во раководењето и командувањето и воените вештини со кои располагале, се исклучително значајна категорија која можела да даде придонес во вкупното општествено организирање за одбраната на земјата. Сето ова дало поттик на идејата за формирање на самостојна асоцијација на резервните офицери. Така, на 29 и на 30 април 1952 година, во Белград, бил одржан Основачкиот конгрес на Здружението на резервните офицери на Југославија. На Конгресот учествувала и македонска делегација. На Конгресот Здружението утврдило задачи: да го воспитува членството во духот на слободарските традиции од НОВ; да дава придонес во изградувањето на таков морален лик на резервниот офицер кој ќе гарантира дека секогаш ќе ги извршува своите обврски спрема народот и одбраната на независноста и самостојноста на земјата; да се ангажира врз општовоеното оспособување и борбеното подготвување на резервните офицери; да го негува и да го продлабочува другарството помеѓу резервните и активните офицери, придонесувајќи на тој начин за нераскинливата поврзаност на Армијата и на народот; да соработува со сите општествени организации кои се ангажирани во јакнењето на одбранбената моќ на земјата.



По одржувањето на Основачкиот конгрес, во НР Македонија се одвивале активности за организационата поставеност на Здружението, односно за конституирање на органи и тела.
Во периодот од 1952-1954 година, во НР Македонија постоеле 232 општини и 18 околии. Во овој временски период, биле формирани седум околиски одбори, 64 општински одбори и девет пододбори на Здружението, и тоа во оние општини во кои немало доволен број резервни офицери за формирање општински одбори. Пододборите, организационо биле поврзани со најблиските општински одбори.

## Основачко собрание на Здружението на резервни офицери

На 17 октомври 1954 година во Скопје било одржано Првото основачко собрание на Здружението на резервните офицери на Македонија. Во работата на Собранието учествувале делегати од сите општински одбори, претставници на Централниот одбор на Здружението на резервните офицери на Југославија, на здруженијата на резервните офицери на Србија и Космет и на ЈНА. Во поздравното обраќање до учесниците на Собранието, претставникот на ЈНА, генерал-потполковникот Раде Хамовиќ, ја нагласил задачата на Здружението да ги прифати во своите организации сите резервни офицери и да работи на нивното военостручно оспособување. Говорејќи за местото и за улогата на Армијата во изградбата на земјата, тој го потенцирал фактот дека таа е опремена со најсовремена техника за која се потребни висококвалификувани кадри кои ќе умеат да ја искористат и врз основа на тоа да изградат нова тактика на војување. Армијата располагала со висококвалификуван старешински кадар, но истовремено тоа ја зголемува и одговорноста на резервните офицери, нагласувајќи ја нивната потреба редовно да ја проучуваат техниката и стручно да се оспособуваат, бидејќи во случај на потреба тие ќе претставуваат најголем дел меѓу командниот кадар на Армијата. Ја истакнал и потребата од натамошно јакнење и продлабочување на врските и на соработката со активните офицери кои и во иднина ќе им даваат стручна помош на основните и на општинските организации на ЗРОМ. На овој највисок собир на резервните офицери на Македонија, била дадена позитивна оцена за вкупните активности на Здружението, а особено на оние што се однесувале на создавањето на неговата организациона структура. Тогаш, во извештајот на Драги Тозија, член на Главниот одбор на ЗРОМ, бил презентиран податокот дека 80 проценти од вкупниот број на резервните офицери во НР Македонија биле зачленети во Здружението. Во однос на активностите во обучувањето, било оценето дека во изминатиот период биле одржани голем број предавања, тактички вежби и партизански маршеви. Ваквите форми на обука привлекувале нови членови во Здружението, кај кои постојано бил присутен интересот за запознавање со борбените системи и со другите военотехнички средства на Армијата. На Собранието бил избран Главен одбор на Здружението на резервни офицери на Македонија, од 23 члена, Надзорен одбор од пет члена и Извршен одбор од седум члена. За претседател на Главниот одбор бил избран Елисие Поповски-Марко, а за секретар Алојз Пипан.

Живко Трајановски

*(Продолжува во следниот број)*



# Австралиски музеј на оклопот и артил

Бројот на орудија кои се изложени изнесува 193 парчиња и оваа бројка постојано расте. Покрај импозантниот број возила, се истакнува и бројот на држави од кои потекнуваат овие експонати, така што има примероци од: Австралија, Соединетите Американски Држави, Обединетото Кралство, Русија, Германија, Јапонија, Чешка и други. Музејот е сместен во североисточниот дел на Австралија, поточно во градот Каирнс (Cairns). Станува збор за релативно нов музеј, отворен во септември 2014 година. Артефактите во музејот се набавувани со откупување од приватни колекции или музеи кои имаат повеќе примероци од исти возила или артилериски орудија. Тенковите, оклопните возила и артилериските орудија се сместени во еден огромен хангар. Покрај овој објект, во склоп на музејот има и две работилници за поправка и реставрирање на возилата и едно 50-метарско стрелиште. Позади изложбениот хангар се наоѓа полигонот за возење на возилата. Од тенковите

Австралискиот музеј на оклопни возила и артилерија е најголемиот тенковски и артилериски музеј во јужната хемисфера и е еден од најголемите приватни музеи во светот. Главни експонати во музејот се тенкови, оклопни транспортери и артилериски орудија од периодот на Втората светска војна и поствоениот период

кои се изложени се истакнуваат: австралискиот „Sentinel Mk I“, „Matilda No.3 Mk“, тенкот „дозер“, британските „Matilda II“, „Firefly“, „Churchill AVRE“, германските „Leopard 1A5“, „Panzer IV Ausf G“, „Panther Ausf A“ и „Panther Ausf A“. Од руските тенкови изложени се: „T34/85“, „T55“, „T72“ и„ T-26“ со две куполи, а остатокот го сочинуваат јапонскиот лесен тенк тип 95 и американските „Stuart Mk3“, „M5 Stuart“, „M3 Grant“, „M3 Lee“, „Patton M47“, „Sherman M4A“, „Chaffee, M41 Walker Bulldog“ и „M26 Pershing“. Тенкот „M3 Grant Farm Conversion”, кој е изложен во музејот, е еден од многуте пренаменети тенкови во трактори. После војната голем дел од тенковите кои претставувале вишок се продавани на јавни лицитации, со можност за користење како инжинериски или агрикултурни машини. Од изложените самоодни артилериски орудија, како најголем во целокупната изложбена поставка е рускиот „Pion 2S7 203mm SPG“, покрај него се изложени и „2S1“, „ISU 152“, американските „M110 203mm SPG“, „M52 105mm SPG“, „M36 Jackson“ и „M7 Priest“. Колекцијата ја надополнуваат германскиот „Sd.Kfz 165“ (Hummel), канадскиот „Sexton“ и австралискиот „Yeramba 25 pdr“. Од дваесетте оклопни возила кои се изложени се истакнуваат: „Dingo Scout Car“, „Lynx, Panhard AML60“, „M8 Greyhound, Humber Mk IV“ и други. Изложбата ја надополнува и колекција



# еријата

на противавионски орудија, возила за посебна намена, уништувачи на тенкови, борбени возила на пешадијата, хаубици, минофрлачи и друго. Во склоп на музејот има изложено и артефакти кои се со различна намена, на пример: британскиот миноположувач за прачкасти мини, германската летачка бомба „V-1“, 800 mm граната за „Dora“ и друго.
Секоја среда музејот има таканаречен отворен ден, кога посетителите може да влезат и да се фотографираат во внатрешноста на одредено возило. Возилата за кои важи отворениот ден ротираат, така што секоја среда е различно возило. Покрај секое од возилата се поставени детални појаснувања за потеклото на возилото, за неговата мобилност, огнена моќ, борбена историја итн. Еден од раритетите кои се изложени во музејот се двата австралиски тенкови, еден „AC1 Sentinel“ и еден хибриден „AC1“ со купола „AC3“ од севкупно преостанати шест примероци во целиот свет. Примерокот „AC1 Sentinel“ е добиен од компанијата „Wargaming Inc“, која е продуцент на светски познатата игра „Свет на тенкови“ (World of Tanks).



Особено интересна активност која ја организира музејот еднаш во текот на годината е Австралискиот тенковски фестивал. Мотото на музејот за реализацијата на овој фестивал е „ Да се види лав во кафез е едно, но да се види лав кој трча слободно во дивина е сосема друго. Според музејот, истото важи и за оклопните возила и тенкови. Фестивалот вообичаено се реализира последниот викенд во месец август, со цел одбележување на роденденот на музејот. За време на фестивалот, музејот ги користи возилата кои се во возна состојба за да ги покажат нивните способности и да им овозможат на посетителите возење во нив. Во изминатите години некои од возилата кои беа користени за време на фестивалот се: „Hetzer“, „T72“, „Panzer IV G“, „Leopard“, „Kettenkrad“, „Sabre“ и многу други. Посетителите во музејот, покрај разгледувањето на историските парчиња на опрема, имаат можност да гаѓаат со вооружувања од Втората светска војна. За цена од 90 американски долари, може да гаѓате со едно од следните оружја: пушката.„303“ од Втората светска војна, со „7.92 Mauser“, „44 Lever Action Centrefire“,. „223 Pump Action“, 6,5 mm, „Italian Carcano, 7.62“ руският „Mosin-Nagant“ и францускиот „MAS 36“. Уште една активност која им се нуди на посетителите е возење со оклопни борбени возила. Цената за возењето за возрасни изнесува 20 американски долари, додека за деца цената е 15 долари. За време на Австралискиот оклопен фестивал, оваа понуда за возење на ОТ не може да се користи.
Во склоп на музејот има мала продавница во која можат да се купат сувенири и реплики на одредени делови од опрема. Работното време на музејот е секој ден од 9.30 до 16.30 часот, со исклучок на државни празници. Влезниците за музејот изнесуваат 27,5 долари за возрасни и 16,5 долари за деца од 5 до 16 години, а за време на Австралискиот тенковски фестивал има посебни влезници со посебни тарифи. Билетите може да се набават и преку интернет. Вообичаеното време за посета на музејот трае од 2 до 3 часа, а билетарницата се затвора 1 час пред затворањето на самиот музеј.

Златко Блажески





# Средновековна артилерија – „требуше“

„Требуше“ е вид на катапулт (опсадна машина која исфрла камени топки, користејќи механика на лост). Сепак, за разлика од стандардниот катапулт, оваа машина исфрла многу поголеми камења до многу поголема далечина

Средновековните армии низ целиот свет располагале со голем број оружја користени од најразлични воени единици, во зависност од нивната намена на бојното поле. Големите градови кои во тоа време биле целосно опколени и заштитени со цврсти и дебели камени ѕидини претставувале сериозен предизвик за секој освојувач и неговата армија. Соодветно на тоа, инженерите и работниците константно работеле на конструкција и дизајн на опсадни машини. Овие артилериски оружја имале само една намена – комплетно уништување на камени ѕидини, кули, замоци и различни градби. Една од најпознатите и најкористени видови на опсадни машини претставува „требуше“. „Требуше“, всушност, претставува машина на расклопување, која обично се транспортира во делови во повеќе кочии. Таа се склопува и се позиционира на одредено место на бојното поле и не може да се движи. Како и секој катапулт, така и машината функционира на механика на лост, преку кој го исфрлува каменот како проектил. „Требуше“ се конструира главно од дрво, заштитено и дозацврстено со метал, јаже, кожа и други материјали. Нивната конструкција е мошне висока, така што некои дизајни се издигнуваат и до над 15 метри во висина.

Главниот компонент е долгото и тенко парче дрво, поставено на висока оска, кое претставува лостот во конструкцијата. Оската и парчето дрво се прицврстени за основата на самата база. Дрвото, од едната страна е прицврстено со јаже, на чија страна се поставува и каменот проектил. Истата таа страна мора да е шест пати поголема од другата страна на лостот. Со тргнување на јажето, дрвото ротира вертикално 180 степени, исфрлувајќи го проектилот во процесот.
Поради начинот на кој се аплицира силата на исфрлување, постојат два вида на „требуше“, влечно и противтежно. Првата верзија на оваа машина е влечното требуше. Овој дизајн се потпира на човечка сила. На дадена команда група луѓе влечат јажиња заврзани за пократкиот дел од дрвото, така што додаваат сила и забрзување на самата ротација и исфрлување на проектилот. Противтежните машини „требуше“ се поголеми, но и мошне покомплицирани во нивниот дизајн. Тие ја употребуваат самата гравитација, со што на кратката страна на лостот е закачена една голема празна кутија која се полни со песок. Ротирањето автоматски се аплицира кога ќе се отпушти јажето кое го држи дрвото на самата основа поради големиот „тег“ на обратната страна, кој по инерција се спушта надоле. Со текот на времето во самиот дизајн биле додадени и други елементи како макари и гази, со цел поставување на сè поголем тег, а со тоа и зголемување на ефективноста на машината „требуше“. Покрај тоа што противтежните машини „требуше“ на хартија изгледаат подобро од влечните, главно поради тоа што оперираат со тим од помалку луѓе, тие се покомплицирани во дизајнот и им треба повеќе време за да се претовари со нов проектил.
„Муниција“ за оваа машина може да биде практично сè и сешто, од големи топки камења до срушен отпаден материјал, а има и многу примери каде што мртви тела се користени како проектили. Сепак, за рушење на ѕидини и тврдини, проектилот требало да биде од камен или од метал т.е. нешто

што нема да се скрши од самиот удар. Истите тие топки би биле буткани назад, сред бојното поле, за уште еднаш да се употрбат за исфрлување.
Влечното „требуше“, исто така познато како „мангонел“, за прв пат се појавува во Кина, некаде во IV век пред н.е. Самиот дизајн е пренесен во Европа со доаѓањето на Аварите во VI век нова ера. Ефективноста на влечното требуше довела до комплетно напуштање на користењето на балсита и онагерот кои биле широко користени од Римската Империја. Аварите, заедно со Словените, користеле влечно требуше во нападот на Солун во 586 година. Истата година машината започнала да се употребува од Византија, како и од Арапите, кои дури и започнале да го монтираат влечното требуше на своите бродови. Во исто време и Франките и Саксонците започнале да го користат ова оружје, а истото било во широка употреба дури и во Индија.
Влечното „требуше“ обично било поставувано покрај стрелците од армијата. Според записите, тие биле употребувани против лесни градби и пешадија, додека ѕидините и кулите биле освојувани со минери кои копале ров под ѕидот или опсадни кули. Исто така, биле употребувани во одбрана, често монтирани на врвот од кулите на ѕидините.
Противтежното „требуше“ денес е генерално опишано како најмоќното оружје во средниот век. Најраната илустрација доаѓа од Марди Ибн Али ал Тарсуси, во неговите описи за освојувањата на Саладин во 1187 година. Сепак, постојат докази дека христијаните и муслиманите заедно го имале ова оружје на располагање речиси еден цел век претходно. Записите даваат слика за тоа дека противтежните оружја „требуше“ биле стриктно наменети за уништување на ѕидини, кули и замоци, и во тоа биле многу ефективни.
Со тоа се случила една револуција во самиот дизајн на оружјето, кое ја претворал секоја тврдина во прав. Тоа, пак, довело до зацврстување и редизајнирање на самите одбранбени тврдини, ѕидини, замоци и цитадели со нови архитектонски елементи кои контрирале на јачината на ударот од ова требуше. Опсадите на градовите останале на некој начин исти и во XIII век, со што можеме да кажеме дека ниедна тврдина не се срушила од еднодневно бомбардирање, туку само се зголемила штетата која би била направена.
Најголемото противтежно „требуше“ било дизајнирано во јули 1304 година за време на опсадата на замокот Стерлинг, по наредба на англискиот крал Едвард I. Во неговата конструкција учествувале пет столари и преку 50 работници и бил изграден во рок од три месеци. Машината „требуше“ го носело името





„Воениот волк“ (War Wolf), чија употреба довела до комплетно уништување на еден дел од ѕидините на замокот. Ова „требуше“ исфрлало проектили до 140 килограми, на должина од 200 до 300 метри.
На крајот, сепак, важно е да се спомне дека влечното „требуше“ долго време имало широка функција, па и покрај тоа што било значително послабо од противтежното. Главни причини биле неговата флексибилност и едноставност во самиот дизајн, како и тоа дека било полесно за составување и расклопување, со побрзо полнење на нов проектил. Како и да е, двата вида и дизајни ја имале својата улога на бојното поле. Влечното „требуше“ било користено за противпешадија и обични градби во внатрешноста на градот, додека противтежното за уништување на цврстите фортификации. На некој начин влечните и противтежните „требуше“ синхронизирано работеле едни со други, поврзани за иста цел.
Сепак, со почетокот на првите огнени оружја и првите дизајни и конструкции на топот, „требуше“, како и сите дотогашни опсадни машини, со текот на времето останале заборавени во историјата.

Владимир Кухар



# Војна „еден на еден“

Двобојот, којштo претставува своевидна војна помеѓу двајца, бил присутен уште од искона, сè до почетокот на дваесеттиот век. До пресметка помеѓу две лица доаѓало  поради најразлични причини: покажување сила на една од војските, на бандите, за одбрана на семејството или на лична чест на сестра, сопруга или роднина. Во историјата имало безброј двобои, но меѓу најславните двобои се оние на библискиот Давид, на Ахил, на војсководачот на Јустинијан, на генералот Велизар и, секако, двобојот на најголемиот руски поет Пушкин

Првата пишана трага за вооружена пресметка помеѓу две лица е запишана во индискиот еп „Махакбарата“, а потоа таков настан бележат и авторите на други големи епови какви што се „Илијада“, „Сид“, „Бесен Орландо“, „Калавела“... Двобојот, како историска појава, има библиски корени преку легендата за Давид и Голијат. За разлика од сите подоцнежни двобои, во овој библиски, нагласокот е ставен на нерамноправната положба на двата актери. Во современата комуникација, изразот „Давид и Голијат“ е синоним за двајца нерамноправни противници. Имено, Голијат е џин, висок три и половина метри, главен јунак на библиското племе Филистејци, кои биле во постојана војна со Израелците, а Давид е младо и мало момче, родум Израелец. Пред една битка на скараните племиња, џинот Голијат излегува пред војската и на Израелците им довикува дека имаат шанса да се спасат само доколку некој од нив има смелост да излезе на двобој со него. „Ако вашиот претставник ме победи и погуби, ние, Филистејците, ќе ви бидеме покорни слуги. Во  спротивно, тоа



вие ќе ни бидете на нас“. После тоа, меѓу Израелците настанала паника, бидејќи меѓу нив немало јунак кој достојно би му се спротивставил на Голијат. Кога тоа го слушнал малиот Давид, побарал дозвола од водачот на Израелците тој да излезе на мегдан. По кратка расправија, Давид успеал да ги убеди своите сонародници, велејќи:„Кога со ластегарка можев да ги убијам волкот и лавот, ќе можам да се справам и со тој неранимајко, Голијат. И епилогот е познат. Давид, со каменот во ластегарката, го погодил Голијат во глава и на место го убил, спасувајќи го своето племе.

## Епскиот двобој на Ахил и Хектор

Урнек за сите двобои од пред новата ера, па сè до нашите денови, е секако пресметката помеѓу големите јунаци на Грците и Тројанците, опишана во најпознатиот еп во историјата, Хомеровата „Илијада“. Не навлегувајќи во деталите на тој настан, ќе спомнеме само дека повод за десетгодишната војна помеѓу Грците и Тројанците било грабнувањето на Елена, жената на спартанскиот крал Менелај. Имено, кога тројанскиот принц Парис дошол на гости кај Минелај, се вљубил во неговата жена Елена, „најубавата жена на светот“, ја грабнал и ја однел во Троја. Ахејците, односно Грците, навредени, а предводени од јунакот Хектор, тргнале да ја вратат грабнатата убавица. Се разбира, наишле на силен отпор кај Тројанците и, така, војувале цели десет години. Во текот на војната, како што во тоа време било обичај, се случувале двобои помеѓу најсилните јунаци на двете страни. Кога тројанскиот јунак Хектор побарал на мегдан да му излезе некој од Грците, се случила караница помеѓу Ахил, најсилниот во грчката војска и нејзиниот командант Агаменон. Имено, тој му ја презел на Ахила љубовницата, убавата робинка Присида, и овој одбил да учествува во следната битка со Тројанците. За да не се посрамотат пред непријателот, Патроколо, најдобриот другар на Ахил, решил да излезе на мегдан на предизвикувачот Хектор. Во двобојот, Тројанецот го убил Гркот, што било повод Ахил да се одлути и самиот да го предизвика Хектор со намера да се одмазди за смртта на својот пријател. Така, дошло до најголемиот двобој во човековата историја. Хомер на тој настан му посветил голем дел во „Илијада“, во детали опишувајќи ја битката помеѓу Ахил и Хектор. Победник во спомнатиот двобој бил Ахил.

## Монах против страшниот Чулебај

Копирајќи го античкиот гениј Хомер, авторите на националните епови кај Шпанците, Германците и Скандинавците, во големите, вистински и измислени епопеи на својот народ, ги вметнувале херојствата на поединци и создале неодминливи национални митови. Во оваа прилика ќе го спомнеме руският јунак Александар Пересвет, историска личност, учесник во славната Куликовска битка. Истата се одиграла на почетокот на септември 1380 г., и е запишана и запаметена како најголемата и најзначајната победа на Русите во долгите и крвави војни со Татарите. Во записите, поместени во црковните книги, кои се чуваат во седиштето на Руската црква, за Куликовската битка нема апокрифни елементи, толку карактеристични за верската литература кај православните христијани. Станува збор за хроника, напишана од собраќа на монахот Александар Пересвет, пишувана веднаш по окончувањето на крвавиот бој. Тогашниот световен водач на Русите, Димитрие Донски, со месеци собирал доброволци, решен посериозно да им се спротивстави на наездите на Татарите. На неговиот повик се одзвале сите способни за војна, а меѓу нив и многу свештеници. Меѓу таквите бил и свештеникот Александар, угледен духовник, посебно почитуван поради својата предаденост на Бога. Пред судирот на двете војски на Куликово Поле, Татарите кон Русите испратиле извесен Чубелај, чудовиште од човек. „Пред да ги одмериме силите, сакам да му ја скинам главата на најсилниот меѓу вас, ако имате таков“, им порачал најславниот воин во војската на големиот татарски војсководач Мамаја. Водачот на руската војска имал храбри поединци, но ниту еден од нив не можел да се спореди со татарскиот џин Чулебај. И, додека Русите се советувале, пред командантот Димитрие Донски излегол свештеникот Александар. „Кнезу, јас дојдов да загинам за својот народ, а дали тоа ќе биде на мегдан со насилникот што се заканува, или подоцна, во текот на битката, е сосема сеедно“, рекол монахот, на чудење на своите соборци, Александар се ослободил од својот оклоп и побарал да му го дадат најдолгото копје. И, така, на осмиот септемвриски ден, рано претпладне, помеѓу двете војски изјавале побожниот Александар Пересвет и страшниот Чулебај. Во пресметката прв тргнал Татаринот, сигурен дека Русинот наденат на копје ќе им го донесе на своите соборци. Мегданџиите имале еден судир, доволен, Татаринот прободен со копје, да заврши на младата трева. Откако повеќе не станал, Александар, исправен на седлото, се вратил кај своите. Миг потоа, мртов паднал пред нозете на својот командант. Кога Татарите виделе како завршил нивниот најголем јунак, кренале паника и додека се созеле, бојот бил завршен. По поразот во Куликовската битка, никогаш повеќе не се осмелиле



да влезат на руска територија. Освен тоа, по таа битка дошло до здружување на раскараните руски племиња, и од тогаш започнува создавање на моќната руска држава.

## Поет вљубен во Наталија и во двобои

Три века подоцна, во поднебјето во кое е создадена легендата за подвигот на Александар Пресвет, ќе се роди еден друг Александар, кој покрај останатото, ќе влезе во историјата на двобои. Станува збор за Александар Сергеевич Пушкин, еден од најголемите руски и светски поети. Доволно е да се нагласи дека авторот на „Евгениј Онегин“, точно 29 пати излегувал на двобои, предизвикан, а најчесто како предизвикувач, последниот пат во летото Господово 1837 г.. По сè изгледа дека корените на Пушкиновата опсесија со двобои лежат во неговото рано детство, во кое доминантна улога имала неговата дадилка Арина Родионова. Токму таа, на Александар и на неговите сестри и браќа ќе им всади љубов кон народните преданија. Имено, освен што била строга, таа сите нив ги смирувала и успивала читајќи и раскажувајќи им народни приказни и легенди. Веројатно, притоа, не можела да ја одмине и легендата за Пересвет.

Во авантурата на двобои, Пушкин ќе се впушти на седумнаесетгодишна возраст, предизвикувајќи го својот вујко Павел Ханибал. Наводно, вујкото лошо се изразил коментирајќи ја неговата врска со некоја девојка. Потоа, следат редица кавги и закани со најдобри другари, роднини, офицери, книжевници и пробисвети. Според неговите биографи, поетот во периодот помеѓу 1820 и 1822 г. престојувајќи во Одеса и Кишењев, 15 пати бил предизвикуван или самиот предизвикувал на пресметка со огнено оружје. Попрецизно, самиот тој, 21 пат бил предизвикувач, а 8 пати него го повикувале на двобој. Забележано е дека два пати не пукал во противникот, два пати и двајцата промашувале, а во 15 случаи, пред самиот двобој, противниците се помирувале. Според кажувањата на современиците на Пушкин, сите откажани двобои биле на инсистирање на неговите противници, и тоа главно далеку повозрасни од него. Освен последниот, уште само еден од закажаните двобои бил полн со драматични елементи. Имено, сакајќи да се покаже како голем мангуп, а тоа често го правел, Пушкин на двобој го предизвикал грофот Фјодор Толстој, познат по прекарот Американец. Грофот бил прочуен авантурист и боем, голем комарџија и, пред сè, ненадминат мегданџија. Првиот предизвик на двобој грофот го одбил, велејќи дека не сака да се бори со некој што е двојно помлад од него. Вториот пат, Пушкин му напишал на предизвикувачот дека му се извинува



и нема намера да го убие, бидејќи го сметал за мошне талентиран поет.

## Убавицата Гончарова и додворувачите

Уште кога имала само 16 години, Наталија Гончарова била кралица на баловите организирани во палатите на највлијателните московјани или во самата царска палата. Колку навистина била убава сведочат неколкуте портрети што ги изработиле водечките руски сликари во тоа време. На еден од баловите во неа ќе се вљуби тринаесет години постариот Пушкин, тогаш веќе познат поет. Мајката на убавицата била против таа врска, но кога сфатила дека нејзината ќерка е вистински вљубена во Александар, се согласила таа да се омажи за него. Тоа и се случило. Брачната двојка Пушкин станала епицентар на сите свечености во руската престолнина. Големата љубов помеѓу „најубавата жена во Русија“ и „незгодниот“ поет била крунисана со четири убави дечиња. Во тој период Пушкин ги пишува своите најголеми дела и е признат за водечки поет во цела Русија. Но, госпоѓата Пушкин станала цел на московските заводници и авантуристи, кои не ѝ давале мира, особено на големите балови. На една таква игранка, за неа ќе се „залепи“ гардискиот офицер, Французинот Жорж Дантес, по што ќе биде нарушена идилата во семејството Пушкин. Освен што Наталија била убава, таа била образована и приврзана кон семејството. Отпосле е утврдено дека не била склона кон флертови, но кое фајде од тоа, кога после еден бал низ Москва почнале приказни за нејзината врска со гардистот Дантес. Кога таквите гласини стасале до увото на Пушкин, поетот веднаш го предизвикал Французинот на двобој. По некоја случајност, токму во тие денови, за него се омажила родената сестра на Наталија. Тој настан веднаш бил „закитен“ со гласината дека тој брак е итроштина на Дантес за да биде поблиску до Пушкиновата сопруга. Кога во тоа станал убеден и самиот поет, повторно го предизвикал баџанакот на двобој.

До пресметката дошло на 8 февруари 1837 г. во месноста Црна Река во близина на Петроград. Како што е забележано, условите за двобој биле „ненормални“. Освен што врнело, растојанието помеѓу Пушкин и Дантес изнесувало десетина метри. Но, без оглед на тоа, двобојот не бил откажан. По двата истрели, Пушкин паднал тешко ранет, а неговиот противник Дантес куртулил бидејќи куршумот испукан кон него го погодил копчето на неговит шинел, не повредувајќи го. Два дена подоцна, од раната во стомакот, Александар Сергеевич Пушкин починал. Тој бил најголемиот руски поет и мегданџија. Седум години подоцна, неговата неутешна сопруга ќе се омажи за генералот Петар Петрович Лугански, но и покрај тоа, таа никогаш не ја соблекла црнината од себе.

Миле Раденковиќ




# Новите правила во односите со медиумите

Интернетот ги промени правилата на комуникација со медиумите, особено во односите со јавноста. Затоа е потребно да се внимава на кој начин ќе се комуницира со медиумите за да се постигне целта која е посакувана. Многу е важно лицата кои комуницираат со медиумите да знаат дека сè што се пласира како содржина, а нема цел, претставува е спам. Во овој текст посочуваме на некои правила во односите со јавноста, со цел комуникаторите да бидат поуспешни и нивните информации да стигнат до крајната цел, до медиумите, преку кои се информира јавноста

Медиумите, односно новинарите кои не се запознати со вашата работа и со вашите производи треба да ве пронајдат полесно. Потрудете се да ве пронајдат преку сајтовите за пребарување. Ако се пишува блог тогаш медиумите, новинарите, кои ја следат одредената област многу лесно ќе ве пронајдат. Кога сакате нешто да соопштите пишувајте им на блогерите, затоа што присуството на блогови ќе го предизвика вниманието на медиумите. Особено важно е постојано да бидете „ангажирани“, односно пристуни. Многу важен е личниот контакт со новинарите и медиумите, особено да го читате неговиот блог доколку го има, па блогирајте. Исто така, пред да испраќате информација, соопштение запознајте се со програмската содржина на медиумот, следете го медиумот, или пак новинарите на социјалните мрежи ФБ, Твитер, Инстаграм. Ако имате сознание за интересот на медиумот, новинарот, испратете индивидуална содржина до него осмислена според неговите потреби/барања. Многу е важно да стигнете до целната публика, или до купувачите кога станува збор за производи. Затоа е потребно медиумите да ве следат, а забележливи можете да бидете преку блоговите, бидејќи медиумите/новинарите, ги читаат блоговите од каде црпат идеи. Кон влијателните блогери треба да се однесувате внимателно – читајте ги и испраќајте им специфични целни инфромации кои ќе им користат. Нудете им интервјуа, разговори... Понекогаш и неформални средби. Луѓето денес, користејќи ги различните медиуми, собираат многу повеќе информации од порано. Затоа бидете присутни со содржини кои ќе бидат интересни, прифатливи за да го привлечат вниманието на медиумот/новинарот. „Блогингот ми овозможува да имам место во медиумската заедница каде што можат да се истакнам “ – посочува Џон Блосом, кој блогира и пишува за корпоративно издаваштво и за медиумските пазари. На тој начин станал познат, односно медиумска личност. Новинарите го читале неговиот блог и неговите зборови, еве како и ние, и ги цитирале. Токму затоа, особено помладите, кои сакат да бидат повидливи во јавноста, често создаваат свои блогови, кои придонсуваат да бидат поприсутни.

### Како да се испраќаат содржините до медиумите

Испраќањето содржини до медиумите што нема да им бидат од корист рековме дека е спам. Тоа не функционира во денешно време. Затоа е потребно да направите персонализирана информација која ќе му биде од корист не само на новинарот, туку и на медиумот. Потрудете се содржината да биде интересна, со цел да не биде избришана автоматски. Помогнете му на новинарот со информацијата за создавање опширна слика за производот што го пласирате, плус надополнете што е во ваш план следна активност, за да бидете спомнати. Ако се побараат дополнителни информации доставете ги и веднаш исполнете го барањето, со утврден тајминг до кога му се дополнителните вести. Сè што е интересно, дали е голема приказна, или мала пласирајте ја навреме, бидејќи може следниот ден да биде доцна и некој друг да ве претрка. Комуникацијата е двонасочна. Вам ви требаат медиумите, на новинарите им требате Вие, особено лицата од односите со јавноста. Заемноста е нужна и потребна. Затоа мора умно да испраќате приказни на интернетот и да им ја раскажете приказната на медиумите, за да имате фидбек (feed back) од вашите ангажмани.

Зоран Василески
Каролина Мицевска



# Создавајќи ја американската иконогр

Емануел Готлиб Леуце е германско-американски сликар. Неговата слика од 1851 година, „Вашингтон го преминува Делавер", е една од втемелените американски национални иконографии



Емануел Готлиб Леуце е роден во Швабиш Гмунд, Виртемберг, Германија, а во 1825 година се доселува во Америка. Неговите родители најпрвин се населиле во Фредериксбург – Вирџинија, а потоа во Филаделфија. Будењето на уметничкиот талент кој го поседувал Емануел се случува додека неговиот татко бил на болничка постела, и во тоа долготрајно чекање почнува да изработува портрети. Неговиот татко починал во 1831 година кога тој имал 14 години. По неговата смрт тој е принуден да заработува, па така почнува да слика портрети за 5 долари по парче. Во 1834 година, тој за првпат добива можност за уметничка наобразба на часовите на Џон Рубенс Смит, сликар на портрети од Филаделфија. Наскоро станува вешт и амбициозен, па така почнува да се промовира себеси преку изработка на портрети на еминентни американски државници, но оваа идеја била дочекана без некој посебен интерес. Во 1840 година, една од неговите слика ќе привлече внимание и ќе му даде неколку нарачки, што ќе му овозможи да се запише на академијата во Дизелдорф во неговата родна Германија. Поради антиакадемскиот однос студирал само една година на академијата, во класата на директорот Шадоу. Најголемо



# афија

влијание на Лејце извршиле делата на сликарот Карл Фридрих Лесинг. Во 1842 година Емануел оди во Минхен, каде ги проучува делата на Корнелиј и Каулбах, и во тој период го завршува своето дело ,,Колумбо пред кралицата“.
Следната година тој патува за Венеција и Рим, студирајќи ги делата на Тицијан и Микеланџело. Во тој период неговото дело „Колумбо пред Советот на Саламанка“ (1841) го купува Уметничкиот сојуз во Дизелдорф и придружната слика „Колумбо во синџири“ му обезбедиле златен медал на Уметничката изложба во Брисел, која последователно е откупена од Уметничкиот сојуз во Њујорк и таа беше искористена како основата на печатот на Колумбиското издание од 2 долари од 1893 година. Во 1845 година, по турнејата во Италија, тој се вратил во Дизелдорф, се оженил и таму останал четиринаесет години. За време на неговиот повеќегодишен престој во Дизелдорф, кој претставувал матица за сите Американци кои доаѓале во Дизелдорф, им наоѓал место за живеење и за работа, едноставно ги внесувал во тамошниот живот и им давал емоционална, па дури и финансиска поддршка. Долги години бил претседател на Здружението на уметници од Дизелдорф. Во 1848 година Емануел е промотор на уметничкото здружение „Малкастен“ и во 1857 година тој го предводи повикот за собир на уметници што го започна основањето на Allgemeine Deutsche Kunstgenossenschaft.
Како силен поддржувач на европските револуции од 1848 година, Леуце решава да наслика слика што ќе ги охрабри европските либерални реформатори по примерот на Американската револуција. Користејќи американски туристи и студенти по уметност како модели и асистенти, Леуце ја изработува првата верзија на „Вашингтон го преминува Делавер“ во 1850 година. Веднаш откако сликата била завршена, првата верзија се оштетила од пожар во неговото студио и последователно е реставрирана и откупена од Кунстхале Бремен. Во 1942 година, за време на Втората светска војна, сликата е уништена при бомбардирањето од страна на сојузничките сили. Втората слика, копија на првата, само поголема, била нарачана во 1850 година од парискиот трговец со уметност Адолф Гупил за неговата филијала во Њујорк и поставена на изложба на Бродвеј во октомври 1851 година. Оваа слика, сега е во сопственост на Музејот на уметност „Метрополитен“ во Њујорк.
Во 1854 година, Леуце го завршува својот приказ на битката кај Монмаут, „Вашингтон ги собира трупите во Монмут“, нарачана од важен покровител, банкарот Дејвид Левит од Њујорк Сити и Грејт Барингтон од Масачусетс. Во 1859 година, Леуце се враќа во САД и отвора сопствено студио во Њујорк. Во тој период живеел на релација Њујорк – Вашингтон. Во 1859 година го насликал портретот на главниот судија Роџер Брук Тени, кој е изложен на Правниот факултет на Харвард. Леуце изработува и други портрети, вклучително и на еден свој колега-сликар, Вилијам Морис Хант, кој е во сопственост на братот на Хант,



Левит Хант, познат њујоршки адвокат кој подоцна е прикажан на изложбата посветена на делото на Вилијам Морис Хант во Музејот за ликовни уметности Бостон во 1878 година.
Во 1860 година Леуце добил порачка од американскиот Конгрес да ги украси скалилата во зградата на Капитол во Вашингтон, за што слика голема композиција „На запад, курсот на империјата го зема својот пат“, композиција која, исто така, е позната како „Западно Хо“.
Во подоцнежниот период од својот живот тој станал член на Националната академија за дизајн , исто така е и член на Клубот на Унијата во Њујорк, каде се наоѓаат голем број негови слики. Починал во Вашингтон, на 52-годишна возраст, во 1868 година. Во тоа време, пред да почине, тој ја подготвувал сликата „Еманципација на робовите“.
Портретите на Леуце се познати по нивниот уметнички квалитет и по нивниот патриотски романтизам.

Трајче Чатмов





# „Заборавената битка“

Овој месец се осврнуваме на едно ново филмско остварување од Холандија со фокус на битката на реката Шелда, при крајот на Втората светска војна. По успешната офанзива на Нормандија на „Денот Д“ среде летото во 1944 година, силите на Алијансата напредуваат со голем успех кон внатрешноста на европскиот континент, потиснувајќи ја Оската да се повлекува. Канадската војска го зазема клучното пристаниште Антверпен, стратешка точка за брзо доставување на храна и ресурси за Алијансата, но водната патна линија до него, долж реката Шелда е сè уште под опсада на нацистите. За да можат соузничките сили да продолжат со офанзива, овој потег мора да биде ослободен и да овозможи непречено движење на нивните бродови. Тука, во естуарот на Шелда, ќе се вкрстат трагичните судбини на тројца млади – двајца војници кои припаѓаат на спротивните страни и една локална девојка. Сите се борат за една иста цел: слобода и крај на војната.

Една војна, три судбини

„Заборавената битка“ следи три паралелни приказни на тројца ликови кои ги поврзува војната која пустоши околу нив, приказни кои на крајот на филмот конвергираат во една заедничка точка – финалната битка на реката Шелда во која се соочуваат германски и канадски трупи. Всушност, акцијата во филмот е предводена токму од карактерите, а не од настаните. Атмосферата во филмот има константен напнат тон поради опасноста која се заканува по нивните животи. Но, кои се тројцата протагонисти – холандскиот војник на Оската – Маринус, девојката од локалниот отпор – младата Теун и англискиот пилот Вилијам?

Русокосата Теун, како ќерка на лекар, доаѓа од почитувано семејство од Зеланд и работи административна работа во општината, позиција која ѝ дава пристап до важни геополитички документи. Нејзиниот брат Кирк со своите 17 години е навидум аматерски фотограф, но една несреќна случка во која загинуваат тројца нацисти, а е предизвикана од Кирк, ги поместува работите во непосакуван правец. Овој настан ќе ја разоткрие вистината за неговата улога и удел во војната – тој е дел од локалниот отпор против окупаторите и неговите фотографии се вредна информација за позициите на Германците. Кирк е уапсен, мачен и убиен, а гневот кај неговата сестра Теун ќе ја натера да направи сè за






неговата смрт да не е залудна, па и самата се нуди да им помогне на неговите пријатели од отпорот. Откако се разоткриени и десеткувани, на Теун паѓа товарот да ја комплетира нивната планирана мисија; таа треба да ја помине со чамец реката Шелда минувајќи низ „гнездото“ на нацистите и да им пренесе важна порака на Канаѓаните, за да не влезат во заседа и да бидат масакрирани.
Холанѓанецот Маринус, иако добро обучен со поминат воен тренинг се чини дека воопшто не припаѓа во војната, но тој не сака Евреи, па се пријавил да биде дел од германската војска. Убивањето воопшто не е во неговата крв ниту пак има сили да ја гледа суровоста на војната што ја доведува во прашање неговата лојалност кон Хитлер. Овој млад човек, го почувствувал здивот на смртта на самиот фронт каде останува тешко повреден и по месеци поминати во болница е вратен на служба, но распределен да служи на административна, канцелариска позиција, наместо во ров. Но, таму не е ништо подобро бидејќи хororот на бесчувствителните повторно е пред неговите очи додека гледа како невини луѓе се мачат крвнички за да се изнудат информации од нив или, едноставно – чисто од задоволство. За него не постои страна, туку само човечност, па така низ филмот го гледаме неколкупати во улога на „ангел-чувар“, заштитник на Теун.
Англичанецот Вилијам Синклер е импулсивен, самоуверен, малку и арогантен млад англиски пилот за кого војната е шанса да се покаже. Но, тој ги поседува сите квалитети на добар и посветен војник. Авионот во кој лета, како резултат на напад, се урива токму во Шелда, среде обрач од германски војници. Да се избега оттаму, само по себе е подвиг, но, непоколебливо, тој се бори за неговиот живот и животите на неговите пријатели и соборци, со надеж дека консолидирањето со канадските сили е возможно и упорен дека ќе успее во тоа. Навидум со неповрзани судбини, тројцата протагонисти ќе имаат директно влијание еден врз



друг. Она кое никогаш не го очекувал ниеден од нив е дека војната е далеку подеструктивна, посурова и поразорна отколку што се надевале и тој хорор и терор, иако на различни страни, можат да го преживеат само со меѓусебна помош.
Трагичен воен трилер за една помалку позната битка
„Заборавената битка“ е триумф на човекот и човечноста над нелогичноста на војната. Тројца луѓе, наместо да уживаат во цутот на нивната младост се соочени со лични, тешки загуби и слики кои не се заборавaат, но, наместо гнев и омраза или желба за одмазда во нив расте сочувство и емпатија. Маринус се става  во опасност само да ѝ ја каже вистината на Теун за судбината на нејзиниот брат и да ја предупреди за опасноста која ја демне, но и буквално ја спасува од крвавите раце на оние кои убиваат од задоволство, не војниците, туку убијците. Истиот тој одлучува да не го повлече чкрапецот на пиштолот кон Вилијам, а и Вилијам истото го прави за него. Младина која се противи на логиката и правилата на војната и која е веќе истрошена и уморна од мирисот на смртта околу неа.
Ова е приказна за смртноста, за опасноста и колатералната штета на војната. Во филмот е тешко да се идентификува главната приказна, бидејќи таа и речиси не постои. Она што е битно се тројцата луѓе, нивните размислувања, однесувања и нивното психоемотивно страдање родено од тешката крвава рака на една петгодишна војна. Режисерот следи три наративи, три посебни приказни од обете страни и како гледачи тешко е да насетиме каква е нивната релација сè додека не конвергираат во една заедничка линија. Тогаш, сè добива совршена смисла. Режисерот мошне умешно ги меша животните линии на војници и на цивилното население, потенцирајќи ги тежините и сличностите на двете. „Заборавената битка“ за само неколку месеци по премиерата добива позитивни критики од гледачите и критичката фела, нарекувајќи го дури и едно од подобрите филмски остварувања на изминатата година. Филм со моќна разработка на карактери, силна актерска екипа, визуелно предизвикувачки и историски автентичен, нудејќи солидна позадина на историските настани. Доколку одлучите да одвоите нешто повеќе од два часа и да го ставите на вашето филмско мени, ова холандско остварување е достапно на стриминг платформата „Нетфликс“, која стои и како продукциска на филмот.

Елена Ѓорѓиевска



**Режија:** Matthijs van Heijningen Jr.

**Улоги:** Jamie Flatters, Gijs Blom, Susan Radder, Jan Bijvoet, Tom Felton

**Сценарио:** Paula van der Oest

**Кинематографија:** Lennert Hillege

**Монтажа:** Marc Bechtold

**Музика:** Emilie Levienaise-Farrouch

**Времетраење:** 124 минути

**Земја:** Холандија

**Година:** 2021

**Награди:** пет награди „Golden Calf“, вклучувајќи и за најдобар филм и уште четири други номинации, награда „Golden Film“ Холандија за најдобар филм



# На чист воздух и уживање

Источниот дел на Македонија изобилува со неоткриени, непознати или, пак, заборавени места и локалитети. Еден од нив е и Пониква, туристички центар кој се наоѓа на 20 км северно од Кочани, во прегратките на Осоговските Планини, на 1580 м.н.в., покриен со густа букова шума и разновидна тревна вегетација. Поради поволната клима Пониква претставува извонредно место за летен и зимски туризам.

На самиот влез на туристичкиот центар Пониква се наоѓа мал спортски аеродром кој некогаш се користел за воени цели. Околу паркинг-просторот се наоѓаат неколку угостителски објекти во кои може да уживате во вкусни домашни традиционални специјалитети.

Има два активни ски-лифта, каде што љубителите на скијањето и зимските спортови може да уживаат деноноќно. На планините што просечно се повисоки од 1.500 м снегот се задржува по речиси шест месеци во годината, а честопати повеќе месеци се задржува снежна покривка од барем триесетина сантиметри.

За љубителите на планинарењето, на само 16 километри се наоѓа и планинскиот врв Царев Врв, до кој може да се стигне со теренско возило или со искачување.

Пониква изобилува со природни богатства, чист амбиент и воздух, како и поволна клима од која позитивно ќе бидат изненадени сите посетители кои сакаат да уживаат во нови, недопрени, планински убавини.

Овој центар функционира во две сезони: зимска во која работи и ски-центарот Пониква, кој е еден од 34-те зимски туристички центри во Република Северна Македонија и летна, кога многу посетители доаѓаат поради пријатната клима и големиот број на планинарски и велосипедски патеки.

Урбаниот простор опфаќа ски-лифтови, викенд-куќи, автокампови, бунгалови, објекти за дневно снабдување, повеќенаменски простори, терени за спорт и рекреација, хотели, одморалишта, угостителски објетки, сервис и услуги за скијачка опрема и детско одморалиште со капацитет од 220 легла.

Осоговските Планини се познати како здрава воздушна бања, па затоа и Пониква им се препорачува на сите оние кои сакаат свеж воздух и одмор од градските гужви барем на неколку дена.

Кристина Илиевска



# на Пониква










ПОЧИТУВАНИ ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА И ВРАБОТЕНИ ВО МО,

Редакцијата на „Штит“ ве охрабрува да ни испраќате написи за позначајните активности и настани во рамките на вашата организациона единица. Вашите написи, информации или репортажи, со соодветни фотографии, можете да ни ги доставите на следните адреси:

zanet.ristovska@mod.gov.mk kristina.ilievska@mod.gov.mk stit@mod.gov.mk